РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
Филозофски факултет, Скопје

**Магистерски труд**

# ВЛИЈАНИЕТО НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА БОЛОЊСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

**Кандидат:**
**Теута Бајрам**

**Ментор:**
**Проф. д-р Зоран Матевски**

**Скопје**
**Април, 2012**

ЛИСТА НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

BFUG – Bologna Follow-Up Group или Група задолжена за имплементација на Болоњскиот процес

Communique – соопштение

Credit system – кредит систем

Diploma Supplement – додаток на дипломата дефиниран од Европската комисија , Советот на Европа и УНЕСКО

ECA – European Consortium for Accredation in Higter Education или Конзорциум за акредитирање на високото образование

ECTS – European Credit Transfer System или Европски кредит трансфер систем

EHEA – European Higher Education Area или Европски високошколски простор

ENQUA – European Network for Quality Assurance или Европска мрежа за осигурување на квалитетот

ERA – Evropean Research Area или Европски истражувачки простор

ERASMUS – European Community Action Scheme for the Mobility of University Students или Програма на Европската унија за мобилност во подрачјето на високото образование

ESIB – The National Unions of Students in Europe или Национален сојуз на студентите од Европа

EUA – European University Association или Здружение на европските универзитети

EURASHE – European Association или Здружение на европските институции на високото образование

Graduate course – дипломски студии

INQAAHE – International Network for Quality Assurance Agencies in Higher Education или Меѓународна мрежа на агенции за осигурување на квалитетот во високото образование

Knowledge society – општество на знаење

Lifelong learning – доживотно учење

Mobility – мобилност

Quality assurance – гаранција за квалитет

Stakeholders – носители на интересите

TEMPUS – Trans European Mobility Scheme for University Studies или Меѓународна програма на соработката во областа на високото образование во југоисточна Европа

UNESCO-CEPES – European Centre for Higter Education или Европски центар за високото образование

Undergraduate course – додипломски студии

Undergraduate – додипломец

**Содржина:**

ВОВЕД
1. ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..........................10
2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................... 26
2.1 Научна цел ................................................................................. 26
2.2 Практична цел ............................................................................ 34
2.3 Задачи на истражувањето ............................................................ 39
3. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ...................................................... 40
3.1 Теоретско определување .............................................................. 40
3.2 Дефинирање на основните поими на истражувањето ........................ 45
3.3 Операционално определување на предметот на истражувањето ........... 56
4. ХИПОТЕТИЧКА РАМКА НА ИСТАРАЖУВАЊЕТО .................................... 57
4.1 Општа хипотеза ............................................................................ 57
4.2 Посебни хипотези ......................................................................... 57
5. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ....................................... 59
ФРЕКФЕНЦИОНИ ТАБЕЛИ ....................................................................... 62
ЗАКЛУЧОК ..........................................................................................105
ПРИЛОЗИ.............................................................................................110
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА .....................................................................113

# ВОВЕД

„Да се биде човечен или едноставно човек, претставува
карактеристична цел на учење
на секој вид класично образование,
независно дали на Ориентот или Оксидентот“.

*Мостови на иднината.*
*Манифест за дијалог меѓу културите.*
(Иницијатива на Кофи Анан)

Некогаш одлучувачки фактор на производството била земјата, а подоцна тоа бил капиталот. Денес одлучувачки фактор е самиот човек, односно неговото знаење. Старите Латини рекле: „Нештото вреди онолку колку што некој ќе плати за него“.
Се учи со цел да се стекне знаење, да се учи значи да се дејствува, а се учи за да се научи нешто за животот. Се учи за да се стекне знаење, што значи се учи како да се научи, за да се изнајде корист од можностите што ги нуди учењето. За да се научи да се живее во заедница – да се развие разбирање за другите и да се разберат заемните, глобални зависности со заеднички проекти и стратегии за совладување на конфликти. Притоа треба да се почитуваат основните вредности како што се плурализмот, меѓусебното разбирање и слободата. Да се учи за животот значи подобро да се развие личноста, за да може да дејствува автономно, со поголема способност за расудување и со зголемено чувство за одговорност. За да се постигне ова, не смее да се запостави ниту еден внатрешен потенцијал на која било индивидуа: способноста за сеќавање, мисловната моќ, чувството за естетика, мануелните вештини и комуникативните способности.

Секое лице – дете, млад човек или возрасен – мора да биде во состојба да профитира од можностите за образование што се изработени според неговите основни потреби за учење. Ваквите потреби ги содржат техниките на учење (читање и пишување, усно изразување, сметање и решавање на задачи), но и темелните содржини на учењето (знаење, способности, вредности и ставови), што му се потребни на човекот за да преживее, за целосно да ги развие своите способности, за да живее и да работи достоинствено, комплетно да учествува во развојот на општеството, да го подобрува квалитетот на живеењето, да донесува одлуки и да се дообразова.

Еден друг столб е да се учи да се дејствува. Не станува збор за тоа да се извршува само својата работа, туку за личната вештината, за способноста да се соочува со различните, честопати непредвидливи ситуации, а истовремено и за тимското работење. Во многу случаи ваквите компетенции и вештини полесно се стекнуваат кога учениците и студентите ја добиваат можноста да ги изразат и да ги развијат своите способности. Една од најважните задачи на образованието е трансформирањето на една реална меѓусебна зависност во доброволната солидарност. За таа цел, образованието мора да им помогне на луѓето да се разберат себеси и другите преку подобро разбирање на светот. Стекнувањето со знаење е првиот чекор кон подобро разбирање на растечката сложеност на глобалните збиднувања и намалувањето на несигурноста што резултира оттаму. Следниот чекор би бил да се учи да се гледаат фактите во вистинскиот контекст и критички да се гледа кон протокот на информациите, за да се дојде до сопствено мислење. Тука образованието е незаменливо како никогаш досега. Тоа поттикнува вистинско разбирање за случувањата, кое оди и преку поедноставената и понекогаш фрагментарна презентација на медиумите. Пред нашите очи се создава еден турбулентен и променлив свет. Образованието треба секому да му помогне да стане граѓанин на овој свет.

На тој начин, Европската унија, освен за територијално, политичко и економско интегрирање, дава можност и за интергиран образовен систем, кој ќе биде еднаков

во сите земји кои се дел или имаат претензии кон приклучување во европското семејство. Таквиот образовен систем ќе се разликува само во одредени сегменти, со одлики на идентитетната култура, но всушност ќе функционира според утврдени заеднички правила за постигнување на флексибилно, компетентно и континуирано учење.

Европската унија прави максимални напори и донесува повеќе стратешки документи за развој и преобразба на европскиот академски простор. Во сите области на едукацијата се вметнати процеси кои се во согласност со новонастанатите промени во општествата. Се инсистира на поголема самостојност во истражувачките процеси, развој на критичкото мислење, потикнување на активно дејствување, вклученост на мултимедијални технологии, совладување на вештини и низа други приоритети кои ќе бидат обработени во овој труд. Трансформацијата на целокупното школување, со посебен акцент на високото образование, паралелно со интеграцијата на Болоњските принципи, се актуелизира со потребата на земјите да постигнат усогласени практики, кои ќе доведат до подобри заеднички резултати. Овој труд претставува логичка подлога за досегашната практика во образовниот процес, но и интересите кон зедничкото дејствување на Европската унија во сферата на образованието.

Практичната имплементација на значајните европски документи во областа на високото образование, а особено оние кои се однесуваат на Болоњската декларација, овозможуваат трансформација на високообразовните институции. Образованието со европска поддршка ќе биде еден вид постепена трансформација на високото образование со конкретни методи и техники за кои се залагаат земјите потписнички, во насока на формирањето на европскиот едукативен простор. Промените кои ги наложува Европската унија се крупен чекор за земјите кои се стремат кон подобрување на квалитетот на високото образование преку формирање на еднакви стандарди во образованието и нивна примена во креирањето на наставните планови и програми.

Новиот концепт на работа на универзитетските единици – факултетите – наложува потреба од квалитетен кадар, кој ќе биде оспособен да ги применува иновираните методичко-дидактички техники. Јасно дефинираните насоки за изработка на наставни програми се императив не само во Европа, туку и пошироко. Тие ќе им овозможат на студентите и на идните академски граѓани поквалитетно и побрзо стекнување на знаења.

Заедничкото дејствување ќе придонесе за проширена соработка помеѓу институциите кои се вклучени во целиот процес. Самото општество ќе се развива во корелација со тоа какви кадри продуцира образованието и колку нивното знаење се употребува во нивната понатамошна работа.

Болоњската декларација е европски документ, кој не е предизвик само за Република Македонија, туку и за сите земји во Европа. Според тоа, образованието и човечките ресурси се едни од приоритетните сектори во кои Република Македонија треба да вложува, доколку се стреми кон побрз економски развој. Одговорот лежи во започнувањето на доследно спроведување на принципите дефинирани во Болоњската декларација.

Целиот процес е замислен како единствена рамка на европското високо образование, со единствена цел: олеснување на мобилноста на студентите и професорите.

Република Македонија е потписник на Декларацијата, и тоа на 19-ти септември 2003 година, на Министерската конференција во Берлин. Со тоа таа станува рамноправен член на европското семејство на земји што се обврзаа да ги следат и реализираат препораките од Болоњската декларација. Тоа значи дека нашите високообразовни установи го воведоа пресметувањето на студиските резултати според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), со што се мери „трошокот“ што му е потребен на студентот за постигнување одредена наставна цел во професионално ориентираните студии. Болоњската декларација, во центарот на вниманието ги лоцираше областите каде што треба да се интервенира, и тоа во:

- практичната обученост на студентите;
- можноста веднаш да се вклопат на работното место;
- скратувањето на времето на студирање;
- зголемената флексибилност;
- можноста за слободен трансфер меѓу факултетите во Европа;
- признавањето на дипломите насекаде.

Универзитетот има важна улога во процесот на воведување на принципите од Болоњската декларација и треба да ги обедини факултетите кои ќе бидат носители на промените. На тој начин Министерството за образование ќе создаде механизми со кои ќе ги поддржи инстуциите во високото образование за воведување на принципите и ќе им овозможи во целост да ја остварат својата улога.

Болоњската декларација го поттикнува процесот за реформирање на универзитетот, а учењето како процес ги става факултетите во центарот на случувањата. Универзитетот е институцијата која го следи општественото опкружување и во однос на тоа воведува програми кои се прилагодливи за средината во која се воведуваат. Покрај тоа што наставата ја организира на интердисциплинарно ниво, исто така, универзитетот е во ситуација да ги прегрупира своите кадри и опремата, со цел да се постигне квалитет кој би го оправдал вложеното.

# 1. Формулирање на предметот на истражување

Образованието како процес е активност со која луѓето, кои се учени или специјално оспособени за пренесување на знаења врз другите преку процесот на поучување, му пренесуваат одреден квантитет и квалитет на знаење на поединецот, кој е подложен на таквиот образовен процес. Од друга страна, образованието е процес при кој поединецот постигнува нешто со помош на учење. Тоа е активен и лично воден процес. Од една страна, поединецот е објект кој е релативно пасивен и врз кој се врши т.н. образовно влијание, а од друга страна, пак, тој е субјект кој е релативно активен и кој самостојно и активно стекнува знаења. Во крајна линија, може да се каже дека човекот никогаш не може да биде пасивен во образовните процеси, ниту целосно самостоен без какво било (директно или индиректно) влијание од дуги учени луѓе.

За таа цел, образованието треба да ја направи индивидуата да биде свесна за своите корени, да може да создаде рамка за сопствената локација. Но таа, исто така, треба да учи и за респект кон другите култури. Историјата честопати служела за јакнење на националното чувство, со тоа што ги нагласувала разликите и учела на надмоќност. Знаењето за другите култури доведува до тоа да станеме свесни за посебноста на сопствената култура, но и за заедничкото наследство на човештвото.

Образованието е активност чија цел е развивање на знаењата, моралните вредности и сфаќањата кои се бараат во сите области од животот, а не само знаењата и вештини кои се поврзани со одредени ограничени области на дејствување. Образованието како поширок поим се однесува на сите меѓучовечки влијанија кои се извршени врз адолесцентите и возрасните, а со помош на кои се постигнуваат трајни последици во однесувањето.

Улогата на едукативниот процес се состои во тоа да им се објасни на младите луѓе за историските, културните или религиозните заднини на различните идеологии што привлекуваат внимание во нивното општество. Лицата кои растат

треба да бидат поддржувани во формирањето на својот систем на мислења и вредности, слободно и со целосно познавање на фактите, без слепо да се следат некои надвладувачки мислења. На тој начин истите добиваат поголема зрелост и отвореност, преку охрабрување за демократски дијалог со кој ќе може да се поставaт темелите на хармонијата и мирот. Веќе не е рано да му се даде на поединецот одредена количина знаење од кое би се хранел во иднина. Секој мора да биде оспособен да може да учи целиот свој живот, за да може да го зголемува своето знаење, да стекнува вештини и квалификации и да се прилагодува кон еден трансформирачки, копмлексен и меѓусебно поврзан свет.

Крупните општествено-политички промени во државата, и пошироко во целиот свет, наметнаа едно ново време, нови содржини, нови погледи и верувања и соодветно однесување, но поставија и повеќе дилеми пред човекот. Се прашуваме дали можеме да владеме со тие промени и на кој начин ќе обезбедиме ефективно и ефикасно работење. Се јавуваат измени како резултат на промените во законската регулатива, во научната технологија, во очекувањата и вкусовите на корисниците, па сè до промени кои резултираат на определени активности кои го менуваат ликот на денешните организациони системи. Со реформите во образованието и трансформацијата на универзитетите и високото образование неизбежни се и измените во организационото и функционалното работење во функција на остварување на програми кои се неопходни за универзитетот.

Во светската практика, но и кај нас во Република Македонија, се забележува постојан пораст на степенот на образование кај населението. Тоа е резултат на развојот и на унапредувањето на науката и технологијата, каде што единката постојано т.е. перманентно се образова и усовршува, пред сè во однос на своите интелектуални способности, своите знаења, вештини и навики, а со тоа целосно придонесува за развојот на општеството и подигањето на степенот на образованост.

Во просторот на високото образование во последниве децении се донесени низа документи и препораки од Mahna Charta и Болоњските принципи, со што високото

образование зачекори по патеката на квалитетно и, пред сè, квантитативно мерливо високо образвание, со искрена и решителна определба на земјите членки да ги имплементираат најквалитетните заложби во таа сфера. Со воведување на новините ќе бидат изедначени образовните институции со иста дејност, кои се на исто ниво без разединување во програмата, начинот на работа, мобилноста, продолженото изучување не само во рамките на една држава туку и пошироко, со што би се отворил широк пат за размена на студенти, мобилност, размена на практики и сл.

Содржината на Болоњската декларација има за цел унапредување на образовниот систем во сите земји од Унијата, но и на оние земји кои се потписнички и сакаат да го унапредат своето образование усогласувајќи го со европското. Доколку имаме квалитетно реализирана образовна функција, сигурно ќе имаме и квалитетно образование. Истражувачкиот процес и развојот на научната мисла се обединети во камен-темелник на секоја високо образовна институција, а неопходноста од евалуација или мерењето на постигнатиот квалитет на високообразовните програми, целосно го отвораат патот кон европскиот високообразовен простор.

Ова истражување е насочено кон постоечките образовни системи на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Истражувањето се однесува на универзитетското дејствување и неопходните промени кои претендираат да се воспостават, како и влијанието на Болоњската декларација со воведувањето на нејзините начела. Со интегрирањето на оваа Декларација, се менува начинот на работа на досегашните практики и се пристапува кон европскиот едукативен модел.

За да почнеме да истражуваме определено прашање, нужно е да го определиме проблемот и да преминеме на неговото формулирање. Воспоставувањето на еднаков образовен систем низ универзитетите во Европа и примената на еднакви програми во целиот образовен процес, начинот на работа и нивната практична имплементација, се насочени кон воспоставување на еднакви образовни можности во високото образование. Промовирањето на културната размена и проширувањето

на знаењата доведува до поттикнување на мобилноста на студентите на универзитетите во Европа, а тоа е регулирано и воспоставено во една заедничка рамка, потпишана од претставниците на сите земји потписнички на Болоњската декларација. Самиот потпис на Декларацијата нѐ обврзува на нејзино имплементирање, но од самите универзитети зависи на кој начин ќе успеат да ја применат Декларацијата. Во овој процес на имплементација не се вклучени само факултетите и студентите кои се директни „консументи" на придобивките од донесувањето на промените во образовниот процес, туку и останатите државни институции кои се занимаваат со ова прашање. Досегашната имплементација во некои земји покажала солидни резултати.

Високото образование преставува составен и неиздвоив елемент од развојот на секоја земја. Тоа не е само најсилен агенс кој го детерминира општествено-економскиот развој на внатрешен план, туку и квалитетот со кој една земја се легитимира себеси на надворешен план. Политичката и економската глобализација на земјите во светот, пред сѐ на европските, ја имплицира потребата од образовна глобализација со посебен фокус на високото образование. Прашањето дали треба да се развива високото образование не е прашање на добра волја, туку обврска од чие исполнување зависи дали земјата ќе се најде во улога на статист или ќе има активна улога во процесите на глобализација; дали ќе ги трпи последиците од глобализацијата или ќе ги ужива благодатите, дали ќе избере безбедност „пропаѓајќи" во својата статичност или ќе ги прифати промените и храбро ќе се впушти во развивање на своите потенцијали и компетитивноста, кои ќе ги пласира на светскиот пазар како конкурентски квалитети. Во минатото, универзитетите биле тие што ги задоволувале потребите на пазарот на трудот за високообразовните кадри. Меѓутоа, процесите на глобализација, политичка трансформација и јакнењето на приватната иницијатива, во голема мера го нарушија тој однос. Денес, пазарот на трудот воспоставува нови релации, надминувајќи ги тесните национални рамки, и го проширува својот опфат на интернационално рамниште. Поради динамиката што ја развива пазарот на трудот има потреба од флексибилни и динамични образовни установи. Поради тоа, и јавните високообразовни

институции се исправени пред предизвикот да ја променат својата досегашна структурна и организациона поставеност, која ќе биде компатибилна со сеопштите промени на пазарот на трудот. Внатрешните процеси на трансформација и процесите на глобализација, на планетарно ниво, силно се одразија во редизајнирањето на целокупната структура на општеството, со што се јави потребата од национална и интернационална соработка и компатибилност на системите, а со тоа и иновирање на улогата и структурата на високото образование, како значаен фактор во остварувањето на таа компатибилност.

Како во светот, така и кај нас, во последната деценија на минатиот век и почетокот на овој век, во образовниот систем се среќаваат мноштво иновации што се предизвикани од промените на опкружувањето. Од една страна, доаѓа до длабоки промени во општественото уредување, а од друга страна, техничко-технолошкиот развој доживува експанзија до невидени граници. Овие трендови ги диктираат стопанските субјекти, поточно нивните претприемачи и нивниот менаџмент. Од науката се бараат нови решенија. Употребливата вредност на знаењето во некои подрачја трае само неколку години. Брзината на пренесувањето на информациите постојано расте. Се продлабочува јазот меѓу развиените и неразвиените држави во светот, како и меѓу богатите и сиромашните во една држава. Процесот на глобализација се промовира во сите сфери. Во такви услови се менуваат и вредносните системи, а со тоа и начинот на живот. Овој период за младите генерации се карактеризира со зголемување на желбата за подобар квалитет на живеење и создавање нови добра, на желбата за запознавање на светот и нагласениот авантуризам, поголемата индивидуалност и самостојност.

Во вакви околности, универзитетите не се снаоѓаат најсоодветно. Прилагодувањето кон новите барања се реализира со тешкотии, со чувство дека промените ги уништуваат нивните „концепти“ коишто им припаѓаат на „старите добри времиња“. Тоа се, всушност, и причините за бавно реализирање на промените. Застарениот начин на работа доведува до продуцирање кадри кои се несоодветно подготвени да одговорат на потребите на пазарот на трудот.

Како императив на воспоставената филозофија на „учење за цел живот", се наметнува потребата за институционализирање на систем за континуирано образование и образование за возрасни. Сето ова бара нова организациска поставеност на универзитетот и развивање на систем од институции за поддршка и развој на образованието на централно ниво. Во тој контекст, пред менаџментот на универзитетот се поставуват нови, поинакви барања, а тој добива нова улога.

Процесот на едукација на човекот претставува стекнување на знаења, вештини и способности за владеење со начините за задоволување на потребите и стекнување на животни и работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, кон доброто, кон вредностите на светот и околу него. Современ пристап е тоа дека на високото образование треба да се гледа како на инвестирање (тоа е наведено во документот на ОЕЦД и публикувано уште во 1986 година). Потребата и начинот за постигнување на најдобрите резултати од инвестирањето во високото образованието, само ја промовираат и афирмираат тезата за неопходноста од развој на менаџментот во универзитетот. Освен тоа, членовите на универзитетот – факултетите, професорите и студентите – имаат различни потреби, интереси, вредности, верувања, очекувања, стилови на однесување и на комуницирање. Улогата на менаџментот во универзитетот, во тој контекст, е да „изгради мостови" помеѓу овие различни концепциски излези. Денес во светот постои силно изразена тенденција за создавање претприемачко општество, како во развиените, така и во земјите во транзиција, а особено создавање на претприемачка свест и култура кај секој поединец и општеството во целина. Евидентно е дека кај земјите во транзиција постои слабо приспособен систем на образование и обука, како еден од аспектите на човечкиот потенцијал.

Образовните институции имаат проблем со справувањето со растечките потреби, но и со разновидноста на целните групи. Една од причините за ова е големиот недостаток на флексибилност и адаптибилност во структурите на овие институции и нивниот пристап кон промените. Нивната ригидност ги спречува

дури и во приспособувањето и преформулирањето на наставните програми. Образовните системи сè уште се стремат да стават прекумерен акцент на академското знаење. Во овој контекст треба да се афирмира пристапот на доживотното учење. Во рамките на Европската унија, афирмирањето на овој пристап бара развој на култура за учење на индивидуално и институционално ниво, во сите сфери на јавниот и приватниот живот. Ова преставува врвен приоритет, поради следниве две еднакво важни причини:

1. Европа се стреми кон создавање општество и економија што се базира на знаење. Пристапот до актуелните информативни знаења, заедно со мотивираноста и умешноста за софистицирано користење на овие ресурси, станува клуч за глобалниот квалитет на животот и работата на луѓето.

2. Светот во којшто живеат Европејците денес е општествено-политички комплексен. Повеќето луѓе сакаат да го планираат сопствениот живот и очекуваат активно да придонесуваат во општеството, па затоа мораат да научат да живеат со културните, етничките и јазичните разлики. Образованието, сфатено во најширо-ката смисла на зборот, е клучот за учење и разбирање, со цел да се одговори на овие принципи. Свесни за таквите предизвици, и на ниво на нашата држава, потребата за прилагодување на реалниот диверзитет на општеството и во повеќе јазичниот систем на образование, е и ќе остане предмет на секојдневниот равој на демократското општество, и кај нас и во Европа.

Овие две карактеристики на современите општествени и економски промени, се меѓусебно поврзани. Тие истакнуваат две еднакви важни цели на филозофијата на доживотното учење, а тие се: промовирањето на поединецот како активен граѓанин во општеството и промовирањето на можностите за вработување. Поаѓајќи од претходното, во сферата на образованието се промовираат некои нови трендови. Еден од нив е стекнувањето на нови вештини, или универзален и континуиран пристап до учењето, со цел да се стекнат и подобрат вештините потребни за партиципирање во општеството во коешто знаењето е од голема важност. Овие базични вештини вклучуваат работа на компјутер, странски јазици, технолошка култура, претприемништво и социјални вештини. Поголемото

инвестирање во човечките ресурси е со цел да се даде приоритет на најзначајната вредност на Европа – луѓето. Еден од начините би бил барањето согласност, преку социјалните партнери, со што компаниите ќе постават цели за продолжително или континуирано оспособување. Иновациите во наставата и учењето, или развивањето на ефективни методи на учење и подучување за континуумот на учењето за цел живот, стануваат клуч за успехот. Системите на учење мора да се адаптираат кон променливиот начин на живеење. Ова значи целосна ревизија и реформа на иницијалното образование и оспособување за работното место, како и оспособување на оние што ги држат курсевите, односно професорите. Нивната улога е сè повеќе во насока да бидат ментори, водачи, медијатори.

Вреднувањето на учењето или подобрувањето на начините на кои се сфаќа учеството на студентите и професорите во процесот на учењето, како и резултатите од него, како тие треба да се вреднуваат, добива поголемо значење. Дипломите, сертификатите и квалификациите претставуваат значајна референца, како за работодавците, така и за поединците; како на пазарот на трудот, така и внатре во организациите. Во светот, веќе се поместува парадигмата: од општество што учи, во општество на знаењето. Станува збор за општество на проактивни граѓани. Во тој контекст, универзитетот добива клучна улога. Имено, во текот на високото образование треба да се едуцираат индивидуи способни да се справат со предизвиците на времето во кое живеат и работат.

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција), и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување преку единствен стратегиски развој, стандарди, нормативи и правила за организација и вршење на високообразовната и научноистражувачката дејност; ЕКТС; применувачка, апликативна и високостручна дејност; усогласено дејствување во финансискиот сектор, инвестициите и развојните планови; профилирање на научните истражувања; критериуми за избор и напредување во наставните, наставно-научните, научните и соработничките звања; соработка со универзитетите во земјата и странство; политика за мобилност

на студентите, наставниците, соработниците и административниот кадар; правила за рационално користење на човечките и материјалните ресурси; развој и организирање на студиите; систем за обезбедување и контрола на квалитетот; стандарди во наставата; информациски систем; библиотечен систем; издавачка дејност; издавање диломи; организирање симпозиуми и семинари; трансферирање средства до единиците на Универзитетот и Универзитетските организации за културни и спортски активности; издавање обрасци и други документи за потребите на студентите; стручни, односно административно-технички служби; универзитетска документација; грижа за заштитата и унапредување на стандардот на студентите и вработените; програма за размена на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица; осигурување на имотот на Универзитетот и неговите единици; и преку вршење на други дејности определени со Законот и Статутот на Универзитетот.

Единиците на Универзитетот ги планираат остварувањето и развојот на дејностите за кои се основани, во рамките на буџетските средства, самофинансирачките активности, донациите и сл; вршат високообразовна, научноистражувачка, апликативна, односно уметничка дејност, во една или повеќе сродни меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или повеќе сродни уметнички области, и се грижат за нивниот развој, остваруваат меѓународната соработка и со сродните високообразовни и научни установи согласно Статутот на Универзитетот; се организираат научни и уметнички собири, симпозиуми, семинари и советувања. Во рамките на единствениот библиотечно-информациски систем, утврден од Универзитетот, се организира работата на библиотеката и библиотечно-информациска и документациона дејност, се издаваат уверенија и други документи за завршени студии и други видови на образование, според условите утврдени во Статутот на Универзитетот. Исто така, се предлагаат и се преземаат мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените, се остваруваат различии студии за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование, а се врши и размена на

научни и стручни услуги и производи, со домашни и странски физички и правни лица.

Улогата и задачите на високообразовната установа универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола е создавање, заштита и пренесување на знаењата за обезбедување на социјална и економска благосостојба и напредок на општеството, подготвување на студентите за занимања за кои е потребна примена на научни откритија и стручни знаења, културна и јазична разновидност, поттикнување на технолошкиот развој, развој на уметностите, техничката култура и спортот.

Улогата и задачите на Универзитетот се остваруваат со:

– организирање на студии според студиски програми од прв, втор и трет циклус на студии;
– изведување на фундаментални, развојни и применети истражувања и вршење на применувачка дејност;
– пренесување на научни, стручни и уметнички знаења и вештини;
– обезбедување на научен, стручен и уметнички подмладок;
– давање можност секому под еднакви услови да стекне високо образование и да се образова во текот на целиот живот;
– обезбедување на систем за доживотно учење;
– соработка со странски и домашни високообразовни и научни установи, и со остварување други форми на меѓународна соработка;
– организирање на други форми и видови на подигање на општото образовно ниво и поттикнување на конструктивен натпревар меѓу различните идеи и пристапи.[1]

[1] Закон за високо образование.2008. Сл. Весник на РМ бр.35 Скопје

Автономијата во управувањето со Универзитетот и со самостојните високообразовни установи се изразува во:
– планирањето, остварувањето и развојот на високообразовната дејност;
– воспоставувањето и уредувањето на внатрешната организација;
– донесувањето на Статутот, односно Правилникот на единицата;
– изборот, именувањето и отповикувањето на органите согласно со Статутот;
– располагањето со одобрените финансиски средства, како и со сопствените приходи;
– формирањето на фондови и основањето на други организации од сопствените приходи, од донации и од други извори, заради вршење на високообразовна, научно истражувачка, издавачка и применувачка дејност;
– управувањето и користењето на имотот во согласност со намената за која е добиен;
– одлучувањето за формите на соработка со други организации;
– здружувањето и асоцирањето во соодветни организации и форуми во земјата и во странство;
– остварувањето на меѓународна соработка, склучувањето договори и учеството во меѓународни организации и асоцијации;
– одлучувањето за други права утврдени со Статутот, односно Правилникот на единицата.[2]

Законот за високо образование е еден од темелните документи што имаат директно влијание врз начинот на организирањето и спроведувањето на високото образование во Република Македонија. Законот за високото образование е конципиран во петнаесет поглавја, кои ги дефинираат и уредуваат сите позначајни прашања од областа на високото образование. За да се воспостави контрола врз квалитетот на изведувањето на наставата, во рамките на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола, како и врз квалитетот во однос на членките на

[2] Ибид: стр.78

системот, Законот предвидува основање на Агенција за евалуација, која ќе има задача да врши увид во целосната контрола на образовните процеси на Универзитетот. Агенцијата е дефинирана како тело коешто „директно влијае на дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и лиценца за вршење на високообразовна дејност", што заедно со „определувањето на научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на студиската програма", укажува на искористувањето на истражувачките ресурси.

Реформите во високото образование во целиот свет, па и кај нас, се наметнуваат како потреба да се одговори на сè понеоходните закони на пазарот на трудот, кои се условени од експанзијата на барањата за ефективните ресурси на информации во услови на процес на доживотното учење. Темел врз кој се гради системот се документите и законите кои ги определуваат и уредуваат постоечките односи во рамки на високообразовните институции.

Законот ги уредува сите поважни прашања поврзани со внатрешната организација на Универзитетот, со формата на работа, автономијата и академските слободи, со органите на високообразовните установи, развојот и финансирањето, како и начинот на организирање на наставата и бодирање на програмите (Болоња). Воспоставување на Агенција за евалуација е мошне важен чекор што води кон целосна контрола и воспоставување на квалитетот на изведување на наставата на Универзитетот.

Во многу европски држави усогласувањето и трансформацијата на високото образование беа причините за донесување измени и дополнувања на постоечките, или, пак, донесување на сосема нови закони за високото образование. Имплементацијата на основните принципи на Болоња е заедничка карактеристика на сите европски закони за високо образование.

Во Република Хрватска, промените во високото образование започнуваат од нејзиното потпишување на Болоњската декларација во 2001 година, а Законот за високото образование влегува во процедура уште во 2003 година, под името *Zakon o znanstvenoj djelatnosti i visokom obrazovanju*, со кој се опфатени голем број институции, нивната организација и спецификите во системот на организацијата на иституциите во високото образование во Хрватска. Освен овој закон, донесени се и поголем број на стратегии и документи, кој се однесуваат на имплементацијата на Болоњската декларација во Хрватска. Хрватска направи исчекор во законската регулатива со искористување на повеќе проекти кои се дел од Болоњскиот процес. Со оглед дека Република Хрватска има и некои особености во високото образование (како, на пример, т.н. велеучилишта) своите закони ги прилагодува кон состојбата на трансформацијата во високото образование и системот на европското високо образование. Голем е напредокот и во обласга на законите, актите и документите кои преставуваат темел за примена на препораките поврзани со Болоњските принципи, целосно искористувајќи ги европските пристапни фондови.[3]

Во Босна и Херцеговина, Законот за високо образование е донесен во 2006 година, како еден од главните предуслови за аплицирање на државата за членка на ЕУ. Во документите коишто ја следат имплементацијата на Законот, јасно е нагласено дека законите мора да се применуваат во практика, а не да остануваат само на хартија. Се истакнува и дека во услови на општа конкуренција, универзитетите во Босна и Херцеговина мора да бидат конкурентни на пазарот, а во исто време да се овозможи и меѓууниверзитетска размена. Во однос на програмите, тие треба да бидат конкурентни, лесно усвојливи и бодирани по ЕКТС системот.[4]

Сè до донесувањето на Законот за универзитетите во 2002 година, во Република Србија, сите главни одлуки во врска со националната образовна политика, па сè до акредитацијата на факултетите, ги донесуваше Владата преку

[3] Hrvatska u 21.stoljece, www.wbc-inco.net/object/dokument/1638.html
[4] Standardi za visokoskloske kjiznica u RH
www.fer.hr/_download/repository/Standardi_za_visokoskolske_kjiznice_u_RH_iz_1990.pdf

ресорното Министерство за просвета. Се укажуваше на неопходната стручна квалификација за ефикасно обновување на овие промени, така што во 2002 година, таа изготви стратегии во врска со реформите во високото образование. На конференцијата на тема: *Од визија до конкретни чекори* се донесе реформациска Стратегија на акционен план коишто се објавени во т.н. *Бела книга*, која се однесува на реформата во образованието во Р. Србија, под наслов „Квалитетно образование за сите – пат кон развиено општество".

Еден од поуспешните семинари е „Универзитет каков што посакуваме", во организација на Студентската унија на Србија (2002/2003 година), во кој учествуваа 400.000 студенти од секоја студиска година. Ставовите коишто се произлезени во однос на промовирањето на квалитетот во студирањето ги засегнаа и самите универзитети, како дел од системот. Новиот закон функционира од 2002 година, и со него Србија со крупни чекори го трансформира системот на високото образование. Признанието од Лондонската конференција, каде реформите во високото образование во Србија се отценети со 4 (најдобрата оценка е 5), ја става Србија во првите десет најуспешни земји во Европа. Причина за тоа е залагањето на Министерството за просвета, по чија иницијатива се вклучија голем број студенти во работата на Националниот совет за високото образование, како и конституирањето на Студенскиот парламент, којшто ги доби највисоките оценки. [5]

Во однос на другите европски држави, како што се: Германија, Италија, Англија, Словенија, Хрватска и др., во Република Македонија се направени крупни чекори по пат на донесување на законска регулатива за високото образование, но во многу работи заостанува практиката.

Во Германија, Законот за високо образование е донесен во 1998 година, и оттогаш е целосно прилагоден кон барањата на Болоњската декларација. Посебно внимание се посветува на учеството во повеќе проекти како Socrates и Erasmus, во рамките на ЕУ програмите поврзани со Болоња.[6]

---

[5] Standardi I smernice za osiguruvanje kvaliteta u evropskom podrucju www.coe.ba/pdf/ESG_loc.pdf
[6] Obrazovanje u Evropskoj Uniji
www.euroinfocentar.ba/docs/Obrazov_u_EU.pdf

Италија, во 1999 година, воведе повеќе реформи во високото образование. Освен имплементација на ЕКТС системот на бодирање, преку воведување на степени во образованието, стипендирањето на социјалните студенти, па сè до отворањето на независна агенција за евалуација (Comitato nazionale per la valutazione del sistema universitario), којашто е членка на ENQA, Европската мрежа за осигурување на квалитетот.[7]

Франција постепено ги воведува сите сегменти врзани за Болоњската декларација, но исто така на универзитетите им дава можност постепено да усвојат двоцикличен систем на студии. Со големо внимание ги следи промените во високото образование и ги мотивира учесниците доследно да ја имплементираат Болоњската декларација.[8]

Највисоки оценки добила имплементацијта на реформите во Норвешка, Шкотска и Данска. Кога станува збор за реформите во високото образование, како и во однос на системот на универзитетското работење, една од најразвиените земји е Финска. Во рамките на високото и универзитетското образование во Финска постојат повеќе закони кои се дирекно поврзани со универзитетите. [9]

Под интеграциите на Министерството за образование, законите целосно се применуваат во практика и преку донесување на низа подакти, решенија, стратегии и др. Првите почетоци на Болоњскиот процес во Финска се препознаваат со воведувањето на т.н. двостепен систем, кон крајот на 2005 година, кој беше повеќе сфатен како фаза на заеднички концепт на националната анализа и евалуација на наставничкиот образовен курикулум, отколку како фундаменталната структурна промена. [10]

---

[7] Obrazovanje u Evropskoj Uniji
www.euroinfocentar.ba/docs/Obrazov_u_EU.pdf
[8] Ибид:стр.2
[9] Niemi, Hannele,. Sihvoner, Jakku- Ritva In the front of the Bologna process, Thirty years of research-based teacher education in Finland. Helsinki: University of Helsinki
[10] Library Strategy .2003. Policy of the Ministry of Education. Helsinki: Ministry of education

Поголемиот дел од реформите се спроведуваа на универзитетско ниво, но во исто време многу национални мрежи и проекти работеа со цел побрзо да ги имплементираат промените. На универзитетот во Хелсинки е оформена специјална група за следење на процесот, која работеше со работните групи на факултетите и сродните комитети и национални мрежи. Целосната администрација беше во функција на промените на Универзитетот. Се отвораше широко поле за обуки на наставниците како и поголема мобилност на студентите во други земји.[11]

[11] In the front Of the Bologna process Trty years of research-based teacher educationinFinland, www.see.educoop.net/education_in/pdf/workshop/tesee/dokumenti/monografoja/Finland.pdf

# 2. Цели и задачи на истражувањето

## 2.1 Научна цел

Научната цел се однесува на тоа колку примената на Болоњската декларацијата ќе го подобри квалитетот на образованието на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Исто така, ова истражување ќе се обиде да го испита начинот на нејзиното воведување, како и придобивките од нејзината примена. Примарната цел е испитување на фактите за успешноста на самата Декларација, како и нејзината примена во нашиот образовен систем.

Научната цел на истражувањето е да се испита колку се прифатени основните начела на Болоњската декларација и кои се придобивките од воведувањето на нејзините основни принципи. Тие принципи би требало да им дадат дополнителен импулс на факултетите во нивниот пат за активно членство во семејството на европските универзитети. Со тоа тие стекнуваат статус на респектабилни даватели на образовни услуги на европскиот академски пазар. Преку ова научно истражување ќе се обидеме да ги испитаме главните приоритети на примената на Болоњската декларација.

Трансформацијата на високото образованието треба ги постави стандардите и барањата во однос на институциите што се дел од системот на образованието. Во тоа светло универзитетите, со целиот свој капацитет, треба да работат сериозно и што побрзо да се прилагодат кон барањата и кон обврските што ги имаат. Сè посложени курикулуми се испратени до професорите и студентите за начинот на нивната работа. Тие мораат да одговорат на предизвиците на новото време и на новите трансформации на образованието, односно сè повеќе бараната Болоњска декларација. На тој начин тие наполно ќе го оправдаат своето место во глобалниот свет на знаење и комплетното оформување на образованата личност. Симбиозата од заемното работење на универзитетите, професорите, студентите, администра-

цијата ќе го зголеми квалитетот на студирањето и ќе ја оправда својата функција како логистичка поддршка на високото образование.

Со донесувањето на стратешките документи поврзани со Болоња, универзитетите брзо ги менуваат своите активности и преку донесување на закони и акти поблиску ја дефинираат својата мисија. Секако дека постои обемна стручна литература, која во последниве години е сѐ подостапна, но и соработката со другите држави придонесува за изедначување на критериумите за квалитетно и навремено студирање на универзитетите. Во тоа светло сите практики на универзитетските работници треба да бидат препознатливи и вградени во долгорочни планови за имплементација на високото образование во универзитетскиот систем. Само со стручна и професионална легислатива, ќе се овозможи достојна примена на Болоњската декларација, во рамките на интегрираниот универзитет.

Бројни се мислењата за функционирањето на универзитетите и нивната вистинска улога во системот на високото образование. Постојат многу трудови, кои ја објаснуваат работата на универзитетите, и нивната важност во работата со разните распределени студии кои се изучуваат. Но многу често се заклучува дека тие сѐ уште не се прилагодени кон промените во однос на системот на високо образование во ЕУ. Се прашуваме што е проблемот за таквото функционирање, и какво, всушност, треба да биде?

Проблемот лежи во нејзината организациска поставеност и ориентираност кон студентите, во размената на практиките меѓу професорите, но и самата мобилност. Таквите активности бараат простор, но и организациска поставеност и пристап кон нови информациски платформи.

Промените во високото образование во Европа имаа свој тек во донесувањето на повеќето документи и проекти, како за Европа така и во другите делови од светот. Во тоа светло, европските универзитети се ставени во однос на конкурентските американски универзитети коишто целосно се прилагодија кон потребите на пазарот на трудот. Еден од најзначајните фактори кои извршија

влијание врз развитокот на универзитетите се состои во тоа да се зголеми свеста за големите придобивки од образованието, односно високото образование, коешто ја поттикнува важноста на учењето и стекнувањето на знаења и вештини за просперитет, не само на општеството туку и на индивидуалниот развој и квалитет на живеење на една личност.

Почнувајќи од 1963 година, во Велика Британија со излегувањето на т.н. Робинсонов извештај, се донесува револуционерната идеја дека образованието, односно високото образование, не е само за елитните кругови, туку претставува зачеток на омасовување на високото образование во Велика Британија, па и во Америка. Како резултат на тоа се основаат нови универзитети, виши и високи школи, а универзитетите се трансформираат во отворен универзитет.[12]

Со Лисабонската стратегија се воведува координирано прилагодување на образовните системи во европските држави. Европскиот Совет (European Council) ја воспоставува методата за отворено координирање како темел за конвергирање на европските образовни системи (Open Method of Coordination). Се поставува задача за темелна експертска анализа и воспоставување индикатори за редовно следење на степенот на образование.[13]

Еден од клучните инструменти во остварувањето на Лисабонските цели е втемелен во програмата Education and training 2010, којшто е прифатен во 2001 година. Програмата внесува три клучни цели и тринаесет насоки коишто беа дадени кон европските држави за да ги имплементираат неопходните чекори во своите образовни системи, заклучно со 2010 година. Секоја цел е дефинирана со квалитативни и квантитативни идникатори за следење на напредувањето и известување на членките. Пет индикатори се утврдени како bench-mark индикатори до 2010 година.[14]

---

[12] Prvi koraci u Bolonjskom procesu www.unizg.hr/fileadmin/rektorat/dokumenti/bologna/Bologna.pdf
[13] ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА за образование и наука Темпус проект : SCM-CO11B05-2005
[14] ИБид:стр.56

Програмот Education and training 2010 година е разработен во повеќе под-програми и анализи, и им послужи на многу европски земји за донесување на стратешки документи за националните образовни политики.

Некако во исто време на оваа програма се надоврзаа два големи процеса кои паралелно се одвиваа во Европа: Болоњски процес и Копенхашки процес. Од тој момент и заедничките цели кои се стекнати во двата процеса му дадоа иницијален поттик за транформација на европскиот образовен систем. Истите оние начела кои се дел од воспоставувањето на високото образование се прелеваат врз сите нивоа во образовниот процес и се прошируваат и на процесот на доживотно учење, па ги развиваат патиштата и неформалното учење. Основната цел на овие процеси се состои во остварувањето на препознатливиот систем на европските квалификации, кои се дефинирани во документот како Европска квалификациона рамка за доживотно учење (European Qualification Framework for Lifelong Learning), прифатен во декември 2006 година.

Донесувањето на европските квалификациони рамки (EQF) се темели врз резултатите од учењето и реформите на курикулумот, коишто мора да бидат мерливи, фокусирани на потребите на општеството и прилагодени на пазарот на трудот. За таа цел, одобрени се и значајни финансиски средства и програми (Sokrates, Leonardo da Vinci, Erasmus), кои понатаму се интегрираат во програми за доживотно учење (Integrated Livelong Learning Programme, ILLP) за периодот од 2007–2013 година. За тие програми се предвидени финансиски средства од приближно 9 милијарди евра. Програмот ќе се спроведува децентрализирано, така што секоја држава треба да отвори независни агенции кои ќе бидат главни финансиски инструменти за реализација на програмите предвидени со Лисабонската стратегија.

Европа денес има повеќе од 600 високошколски установи, со над сто милиони студенти во четириесет и една земја, и само со тоа се позиционира во најголемиот светски центар на знаење (EURIDICE/EUROSTAT, 2002)[15]. Тоа воедно

[15] EURIDICE/EURO STAT, 2002 Key data od Education in Evrope ,Luxemburg:European Commision

преставува огромен социјален капитал, кој досега не беше искористен како водечка сила во напредокот на Европа. Јазичните бариери и затвореноста на образовните системи во рамките на своите држави, беа основни причини поради кои знаењето остана само како мртов капитал. И, всушност, тогаш се раѓа идејата, чијшто темел претставуваше поголема мобилност на студенти и професори, како и нивна меѓусебна соработка на сите нивоа, за да се вгради во нови стратешки документи, познати како acquis communautaire.

Министерската конференција во Прага, 2001 година, ги истакна можностите за воспоставување на единствен европски простор на високото образоване (EHEA), додека на ректорската конференција во Саламанка, 2001 година, се донесоа насоките за воспоставување на новите трендови во високото образование, како и исклучителен документ познат како „Декларација за обликување на истражувачкиот простор" (ERA), со кој се дава исклучителна важност на обединувањето на општествените ресурси на подрачјето на науката и високото образование. Смислата на тие декларации на полето на знаењето и на образованието е во конкуренција во високото образование, како и прифаќањето на мислата дека само обединета Европа може да им биде конкурент на Америка, Австралија и Азија, доколку се измени профилот на високото образование. Но иако се очекуваше оваа иницијатива да биде поттикната од самите универзитети, таа доаѓа како иницијатива на Европската унија. Тука се кријат и проблемите поврзани со одделни универзитети, коишто не ја прифаќаат или недоволно се ангажираат околу идеајата за изменето образование во Европа.[16]

Легистлативата станува камен-темелник во областа на високото образование и во трансформацијата на високообразовните системи во сите европски земји, но не и со исто темпо. Земјите од југоисточна Европа како да заостануваат во своите реформи и не ги следат препораките за што поголема професионализација, особено на кадрите во високото образование. Политичките превирања во тие земји и

[16] Prema europskom prostoru visokog obrazovanja, Sluzbeno priopcenje sa sastanka europskih ministara zaduzenih za visoko obrazovanje u Pragu, 19. svibja 2001
www.zagreb.idi.hr/bolonjski_dokumeti/Praska%20deklaracija%20HR.doc

постојаната смена на професионални кадри во голема мера ги забавува овие процеси.

Во Болоња (Италија), по повод 900-тата годишнина од основањето на најстариот универзитет во Европа, четири години пред конечното укинување на границите меѓу државите во Европа, се одржа состанок на ректорите од поголем број на европските универзитети, со единствена идеја за промовирање на соработката меѓу сите народи, со надеж дека во иднина државите и народите ќе станат сосема свесни за важноста на високото образование и универзитетот во општеството коешто секојдневно се менува.

Со започнувањето на дваесеттиот век, иднината на човештвото се повеќе ќе зависи од научниот и техничкиот развој, кои се неодминлив дел на добро поставените институции на високото образование. Во таа насока, задачата на универзитетот е да биде носител во промовирањето на знаењето како вистинска вредност, да биде во фунција на добросостојбата на заедницата. Исто така, во многу документи поврзани со Болоња наоѓаме заднички задачи коишто упатуваат на доживотното учење, како вредност на иднината и грижа за зачувување на природната средина и животот во целина.

Потписниците на темелните документи коишто го отвораат патот на трансформацијата на високото образование во Европа, покажуваат дека од развојот на образованието зависи и културниот, научниот и техничкиот развој. Тој развој е дел од средиштето на културата, знаењето и истражувањата соединети во вистинските вредности на денешниот универзитет.

Законската регулатива е камен-темелник врз кој се потпира процесот на воведување на реформи во високото образование. Учесниците во процесот, заинтересираните (stekeholders) се оние коишто се живо „ткиво“ на промените и носители на истите. Тие воедно се и параметри коишто недвосмислено го покажуваат степенот на имплементација на договорените промени.

Во транзициските земји има зголемена побарувачка на квалитетни студии, а исто така евидентна е и појавата на поголем број институции во високото образование, кои донесуваат определени стратегии за својот развој, каде што еден од основните услови за напредок на универзитетот се квалитетните студиски програми. Но, за жал, евалуацијата на одделни универзитети во последниве години, особено по имплементацијата на Болоњските принципи, како да беше направена само за интерна потреба, без поконкретни подобрувања и искористеност на препораките од процесот на оценување врз квалитетот на процесот на студирање.

На пример, екипа експерти од Холандија (универзитетот Twente), ги анализираа одделните сегменти на универзитетите во пост-социјалистичките земји, при што наидоа на реален фактор каде што универзитетите се ставени како пасивни актери во современите текови. А што се однесува на управување со универзитетот, тоа се сведува само на решавање на секојдневните проблеми во обезбедувањето на основните услови за работа (т.н. real team management). Освен отсуството на подолгорочни стратегии, се забележува и отсуство на внатрешни интеграции, и сето она што го определува современиот интегриран универзитет, како и она што е определено со европскиот модел за осигурување на квалитетот (EU, ENQA, Болоњските принципи).[17]

Од друга страна, во последните години на XX век, под влијание на САД значително е забрзан процесот на евалуација, како и препораките од Европа за воведување на европскиот модел во развивањето на националните системи во осигурување на квалитетот на европските универзитети. Основните елементи на тој модел се самоевалуација, надворешна или екстерна евалуација (посета на експертските комисии на иституциите и нивниот извештај), и донесување на одлуки, а понекогаш и на извештаи.

---

[17] Standardi I smejrnice za osiguruvanje kvalitete u evropskom prostoru visokog obrazovanja, evropska organizacija za osiguranje kvalitete u visokom obrazovanju
www.coe.ba/pdf.ESG_loc.pdf

Во таа смисла, воспоставувањето и функционирањето на системот за обезбедување на квалитетот е важен и неопходен елемент во организацијата на универзитетот. Во т.н. европски модел, особено се нагласува одговорноста на универзитетот како најодговорен чинител во процесот на обезбедување на квалитетно образование. Се истакнува и практиката, која го покажува тоа дека евалуацијата (внатрешната и надворешната) ја поттикнува комуникацијата, соработката, довербата меѓу главните актери на универзитетот. Исто така, го подигнува и квалитетот на наставата, особено во делот за развој, со што придонесува за решавање на деликатните проблеми на универзитетот. Со донесувањето на Болоњската декларација во 1999 година, при средбите на одговорните министри во 2003 и 2005 година, во Берген, усвоени се стандардите и препораките за внатрешна и надворешна евалуација за високошколските институции и програмии коишто беа широко прифатени од сите земји учеснички и органите на ЕУ (ENQA, 2005). Од 2006 година, во тек е воспоставување на европскиот регистар на агенции за осигурување на квалитет во високото образование, којшто ќе има улога системски и институционално да се грижи за квалитетот на студирањето на универзитетите.[18]

Значајно е здружението на европските Универзитети (EUA), кое се грижи за развојот и внатрешната култура во однос на квалитетот на високотообразовните институции, за што е неприкосновен механизмот на надворешната евалуација на универзитетот. За изведување на евалуацијата на Болоња потребни се висококвалификувани кадри со потребно искуство коешто се темели врз познавањето на процесите и процедурите во евалуационата институција. Било да се работи за квантитативна евалуација со статистички определени индикатори, или пак, се прави со SWOT анализа[19] којашто подразбира кратко набројување на добрите и слабите страни и препораки за развој и посочување на модели за подобро работење во конретен случај кога е во прашање универзитетот, а се однесува на квалитетот на студирањето и на сите институции коишто се дел од универ-

[18] Bergensko priopcenje 2005
http://zagreb.idi.hr/bolonjski_dokumenti/Bergen%20priocenje.doc
[19] en.wikipedia.org/wiki/SWOT_analysis

зитетскиот живот. Ако го дефинираме Болоњскиот процес на имплеметација како модел на интегриран универзитет, тогаш од големо значење е комплексноста на универзитетот изразена преку поделбите на составените единици, кои ги креираат образовните органи. Обезбедување на квалитетот на образобанието е еден од основните елементи на високообразовните институции секако определено и со спецификите на локално, национално и меѓународно ниво.

Поголем број земји од Европа, кои го прифатија Болоњскиот процес, се обврзаа за законско уредување и донесување на релевантни акти коишто ќе го помогнат неговото имплементирање. Тие се обврзаа до 2010 година да го завршат имплементирањето и да ги покажат првите резултати. Но разликите во финансиската заднина на реформите во високото образование во одделни земји придонесе за нееднаков напредок на промените во високото образование во Европа. Недостатокот од финансиските средства, а и од стручен кадар, во земјите од југоисточна Европа го успорува Болоњскиот процес, со скоро сите сегменти на универзитетот. Општеството треба јасно да ги определи своите приоритети во однос на високото образование, каде што неговата иднина зависи од импле-ментацијата на „општеството на знаење". Затоа, со право можеме да кажеме дека науката и високото образование претставуваат двигател на неговиот развој. Во Република Македонија, освен донесувањето на Законот за високо образование, организирањето на трибини и предавања на универзитетите низ Македонија, Болоњскиот процес остана без соодветна законска рамка.

## 2.2 Практична цел

Република Македонија ќе мора да примени одредени принципи, кои веќе успешно се применуваат во земјите на европскиот континент, за да се вклучи во големото европско семејство. Во сите тие препораки за имплементација на одредени промени, најсуптилен и најважен сегмент од секое општество преставува образованието. Во делот за високото образование е потпишана заедничка

Декларација и тоа во градот каде што е основан првиот универзитет во Европа (Болоња). Од голема важност за сите е овој документ да се примени во практика, бидејќи на тој начин во Европа се добива заеднички европски образовен простор. Со размена на студенти од исти профили се отстрануваат разликите во програмите, а исто така се овозможува и развој на истражувачката работа на европскиот простор.

Универзитетот претставува еден од централните делови на Болоњската декларација и реформите на високото образование. Факторите што ги посочуваме како највлијателни во процесот на институционално стекнување на знаење и развој на научната мисла, се општо познати за сите академски средини, а се однесуваат на:

– реформи во високото образование;

– развој на информациската технологија;

– влијанијата и промените во севкупното општествено-политичко опкружување.[20]

Она што произлегува како најважен фактор во реформаторската политика на универзитетите и документите што го трасираат високото образование во државата, преставува измената и начинот на организација на високообразовните иститутции во рамките на Болоњскиот процес. На тој начин, универзитетската организираност треба да се насочува кон студентите и начинот на оргнизирање на предавањата, нивната мобилност, размена на практики како на студентите, така и на професорите, комуникација на професорите не само со универзитети од државата туку и пошироко, воведување на практична работа...

Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола, обезбедуваа развој на високото образование, науката, уметноста и стручноста, непосредно и преку факултетите, односно високите стручни установи со тоа што:

[20] Graz Delaration .2003. Forward from Berlin: The role of of the Universities, EUA www.eua.be/jsp/en/upload/COM_PUB_Graz_publication_final.1069326105539.pdf

– учествуваат во утврдувањето на Програмата за високообразовна дејност во Република Македонија;

– ги планираат и утврдуваат развојот и потребите на високообразовната дејност и ги усогласуваат развојните потреби на високообразовните установи во рамките на образовниот систем во целина;

– утврдуваат единствени основи за вршење на високо образовната дејност, за запишување и за студирање на одделни видови и степени на високо образование, за издавање на дипломи за завршени студии и степени на образование, за издавачката дејност на високообразовните и другите установи, за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања и за обврските од работен однос на наставниците, соработниците и другите вработени во изведувањето на високообразовната, научната, уметничката и применувачката дејност;

– се грижат за обезбедување на финансиски, материјални и други средства неопходни за вршење на дејностите на високообразовните установи;

– одлучуваат за начинот на вршењето на фундаментални и развојни научни истражувања што имаат интердисциплинарен и мултидисциплинарен карактер, значаен за сите високообразовни установи;

– издаваат дипломи.

– организираат, формираат и одржуваат современ информациски универзитетски систем;

– ги утврдуваат основите на единствениот библиотечно-информациски систем и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност за потребите на високообразовните установи;

– остваруваат меѓусебна соработка, како и соработка со универзитетите во странство и ги утврдуваат основите на меѓународната соработка;

– разменуваат научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;

– организираат додипломски, интердисциплинарни и мултудисциплинарни студии и семинари.[21]

**Magna Charta Universitatum** преставува прв чекор во современото трансформирање на високото образование. Тоа е воедно првиот документ врз кој се втемелува Болоњската декларација. Го потпишаа ректорите на 388 европски универзитети, залагајќи се за униерзитет, кој во основа ја промовира културата, знаењето и истражувањето како темел врз кој се надоградуваат знаењата на младите генерации, а кои ќе придонесат за развој на современото демократско општество.[22]

Потписниците на темелниот документ, којшто го трасира патот на трансформација на високото школство во Европа, укажуваат на одговорната улога на сегашните универзитети во создавањето на новите европски вредности. Со тоа се посочува на:

– со приближувањето кон крајот на 19 век и почетокот на 20 век, човештвото сè повеќе зависи од културниот, научниот и техничкиот развој, кој е дел од средиштето за културата, знаењето и истражувањата.

– задачата на универзитетот подразбира ширење на знаењето помеѓу младите, бидејќи тие во современото живеење мора да му служат на општеството во целина, со што културната, општествената и стопанската иднина на општеството подразбира поголемо вложување во доживотното образование.[23]

Универзитетот како институција мора на идните поколенија да им овозможи таков вид образование коешто ќе ги научи, а преку нив и другите луѓе – да живеат во склад со природната околина и животот сам за себе. Еден од основните услови за функционирање на универзитетот, во овој документ, е прокламирањето на

---

[21] Официална интернет страна на Универзитетот "Св.Климент Охридски"
http://www.uklo.edu.mk/files/attachments/STATUT_na_UKLO__25_12_2008KONECEN.pdf
[22] MAGNA CHARTA UNIVERSITATUM
www.public.mzos.hr/fgs.axd?id=10750
[23] Ибид:стр.55

автономија на неговата автономија т.е. неопходноста од морална и интелектуална независност од политичкиот авторитет и економска моќ.

Основни начела на Magna Charta Universitatum, како почетен импулс и темел на сите останати документи од Болоњскиот процес, се:

- автономија на универзитетот;
- меѓусебна неодвоивост на наставата и истржувањата на универзитетот;
- слобода на истражувањата во наставата;
- потреба за меѓусебна соработка на универзитите т.е. непречено преминување на географските и политичките граници во областа на науката и знаењата.[24]

Magna Charta е темел на многу промени, не само во европскиот простор на високото образование, туку станува дел и од промените во другите области коишто се директно поврзани со високото образование.

[24] Ибид:стр.56

## 2.3 Задачи на истражувањето

Истражувањето е насочено кон факултетите кои се во рамките на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Основните задачи на истражувањето се:

– да се утврди начинот на работа со студентите по Европскиот кредит транфер систем;

– да се испитаат ставовите на професорите за придобивките од примената на Болоњската декларација;

– да се утврдат дали условите на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола, одговараат на стандардите за примена на Болоњската декларација;

– да се утврди дали примената на информациско-комуникациска технологија одговара на стандардите за примена на Болоњската декларација;

– да се утврди степенот на интеракцијата помеѓу професорите и студентите;

# 3. Предмет на истражувањето

## 3.1 Теоретско определување

Предметот на истражувањето се однесува на анализата на документите коишто по својата содржина ја определуваат функцијата и организационата поставеност на универзитетите во системот на трансформација на високото образование во Европа, па и во Македонија. На 19 септември 2003 година, Република Македонија стана рамноправна членка на европското семејство на земји коишто се обврзаа да ги следат и реализираат препораките од Болоњската декларација и да ја усвојат заедничката определба за креирање на единствен простор на високото образование. На тој начин, Република Македонија со донесувањето на Законот за високо образование и практично ги вгради Болоњските принципи во своите приоритети за спроведување на реформите во високото образование.

Стартна позиција за истражување на имплементирањето на Болоњската декларација преставувааат промените и големите реформи во системот на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола, и воопшто во целокупното високо образование, односно целиот образовен процес.

Законската регулатива во рамките на високото образование мора да ги следи напорите на Европскат унија за конкурентно и пазарно однесување во процесот на образованието на младите генерации. Документите, препораките, стратегиите и насоките треба да бидат дел од трансформацијата на високото образование во сите европски земји. Впрочем, во тој дел Република Македонија треба да изготви трајна стратегија, која точно ќе ги определи главните позиции (stakeholder), или главните елементи врз кои ќе се потпира целокупното високо образование.

Проф. д-р Татјана Апарац-Јелушиќ истакнува дека, историски гледано, можеме да посочиме три основни клучни обележја во мисијата на универзитетот: прво во однос на знаењето и истражувањето коишто по своето значење немаат гра-

ница. Второто обележје е дека знаењето е јавно, отворено и достапно за сите, и трето е дека универзитетот е отворен кон сите.[25]

Некои автори посочуваат дека денешниот универзитет не е единственото место каде што се стекнуваат знаења. Изменетиот пазар се повеќе воведува нови корпорациски знаења и вештини кои што се флексибилни и, за разлика од знаењата стекнати на универзитетот, се временски поефикасни. Со појавување на тие корпорациски знаења, универзитетот не е во преден план. На тој начин, знаењата стануваат повеќе изведбени (извршни), а не просветителски или важни сами по себе, па поради тоа е потребно универзитетските програми да предвидуваат нови начини на учење по пат на решавање на проблеми, повеќе практична работа и флексибилност на програмите. На тој начин иновациското општество определено од постојаните промени и иновации во сите сегменти на неговото делување, се развива со перманентното усовршување, прилагодување и креативноста на неговите учесници. Економскиот развој се потпира врз степенот на користените знаења, а со тоа учењето станува најважна економска категорија. Така произлегува дека економијата, која е втемелена на знењето и процесите на учењето влијае на универзитетот којшто освен традиционалната улога ја добива и новата улога на технолошкиот трансфер.[26]

Повеќе автори во почетокот на деведесеттите години упатуваа темелни промени кои што ќе ги зафатат универзитетите, како и во изведувањето на наставата така и во начинот на кој универзитетот го шири своето влијание во сферата на науката и во секојдневниот живот на академското и националното ниво. Повеќето универзитети со цел да одговорат на промените во општеството се преструктуираат во системи, кои освен што се потпираат на традицијата, воведуваат повеќе нови факултети и студиски групи. Посебно во Европа, сè поголем број на универзитети се реорганизираат врз принципите на интердисциплинарни истражувања и потреби за пофлексибилно академско образование, коешто на

[25] Jelka Petrak, Tatjana Aparac- Jelusic, Knjiznice na hrvatskim sveucilistama: tradicije I promenje, Vjesnik 2005
[26] Ибид:стр. 110

идните генерации студенти ќе им овозможи побрзо и полесно прилагодување во работното опкружување. Всушност, донесувањето на Болоњските принципи го зајакна тој процес.

Но, од друга страна, развојот на информациската технологија ги диктира промените на начинот на комуницирање на научните содржини, како и во начинот на предавањата и учењето во рамките на современата изменета настава. Се менуваат начините на проверка и оценувањето на знаењата на студентите, како и начинот на евалуација на наставниот процес. Сѐ повеќе се води грижа за квалитетот на наставниот кадар, нивните објавени научни трудови коишто мораат да задоволат одредени стандарди и начини на нивната достапност до академската средина (преку библиотеки, интернет и друго).

Современата настава има основно начело кога настанува процесот на учење, кој е втемелен во истражувањето а самиот наставен процес поттикнува критичко размислување, проверка и совладување со вештината на аргументација. За таа цел, потребно е професорите и студентите да имаат пристап кон разновидните извори на знаења и развивање на способноста за критичко мислење, стекнување на вештини и зајакнување на способноста на барање на извори на информации, нивното вреднување и интерпретирање, односно преставување и приопштување на знаењата и информациите.

Во Европа делуваат повеќе меѓународни асоцијации коишто се занимаваат со проблемите на образованието, но ќе ги издвоиме ОЕЦД ( OECD – Organization for Economic Cooperation and Development) и Меѓународна организација на трудот (ILO – International Labour Oragnization), Советот на Европа, Европската комисија и друго. Во рамките на овие организации, донесени се бројни документи и препораки кои се втмелени врз принципите на општеството на знаење како концепт за доживотно учење. Секако дека и високото образование е дел од тие промени како еден од влијателните чинители за тој концепт.[27]

[27] Spradley, J.P. 1980. Participant Observation. New York: Holt, Rinechart & Winston

Идејата за доживотното учење го потикнува прашањето кое се однесува за учење и стекнување со образовните искуства, кои, пак, за последица имаат изградба на образовната структура, која ги вклучува формалните и неформалните облици на учење како и понагласената функција на информациско-комуникациските технологии во образовниот процес. Еден од темелните документи во Европа е Меморандумот за доживотно учење кој нагласува дека пристапот кон информациите и знаењата, вклучувајќи ја мотивацијата и вештините кои се потребни за интелектуално користење на информациските ресурси, се важни за која било стратегија за доживотното учење. Се истакнуваат шест клучни пораки насочени кон оставрување на поставените цели:

– определување на новиот пакет на основните вештини потребни за партиципирање во општеството на знаење;
– вложување во човечките ресурси;
– иновации во учењето;
– вреднување на различни облици на учење;
– подршка преку советодавни услуги;
– приближување на учењето кон местата на живеење.[28]

Европската комисија во својата проекција за образованието до 2010 година упатува на образовна парадигма, којашто истакнува дека образованието е како усвојување на огромен број на факти втемелени врз начелото „learnig to learn", односно „учи како да се учи". Тој факт се однесува на стекнување на способност за пребарување на информациите и самостојно стекнување на знаење кои се видливи во сите поважни европски документи поврзани со информациското општество, а достапни се на порталот за информациско општество.[29]

---

[28] ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА за образование и наука Темпус проект : SCM-CO11B05-2005
[29] Sonja Spinac, Jadranka Lasic-Lazic, obrazovna iloga knjiznica, VBH 48,1,Zagreb.2005, str.50

Оттука произлегува потребата да се биде дел од информациското општество во функција на унапредување на квалитетот на живеењето и демократизацијата на општеството преку граѓанските иницијативи за остварување на целите на ЕУ.

Во контекст на развивање на модели за доживотно учење, Македонија треба да ги унапреди процедурите за верификување и класификација на претходно стекнати знаења по пат на сертифицирани и несертифицирани курсеви и обуки, како и на знаења стекнати преку работното искуство. Целите и политиките на Болоњската декларација се валидни и денес и потребна е целосна и соодветна имплементација на европско, национално и институционално ниво, за тие да бидат целосно остварени.

Уписот на универзитет за еден човек претставува важна етапа во животот. Високото образование во Европа поминува низ разни промени каде вклучува повеќе од 5600 високообразовни институции, со околу 16 милиони студенти.[30] Болоњската декларација е почетен документ, кој ги одредува целите на трансформацијата ширум Европа, таа заедно со останатите документи го води процесот на реформите во високо образовниот систем.

До денес, Болоњската декларација ја имаат потпишано 45 земји, меѓу кои и нашата. Болоњскиот процес има за цел креирање на едиствен систем на универзитетска настава и истражување со реализирање до 2010 година, но исто така и запознавање на различни национални специфики (култура, јазик, традиција и др.) На тој начин, процесот се насочува на флексиблност и ефикасност на системот на високото образование на Европа, кој би бил компетитивен на глобалниот пазар на знаење.

Најважни конкретни определби на Болоњската декларација се:

– усвојување на Европски кредит трансфер систем (ЕКТС);

– усвојување нови структури на студии кои се во 3 циклуси;

---

[30] EURIDICE/EUROSTAT.2002.Key Data on Education in Evrope.Luhemburg: European Commission

– промовирање мобилност на студентите и наставниците;

– усвојување на систем на споредбени дипломи.

## 3.2 Дефинирање на основните поими на истражувањето

**Образование** претставува предавање и учење на специфични вештини, изградба на знаење, добро расудување и мудрост. Образованието како една од своите фундаментални цели го има пренесувањето на култура од една генерација на друга. Во најголема мера образование се стекнува од наставник или професор. Исто така, децата кога се мали стекнуваат образование од нивните мајки, татковци, баби, дедовци и сл. Образованието може да се стекне и со читање книги, весници и секакви пишани дела. Исто така, образованието се стекнува и од средствата за масовна комуникација.[31]

**Универзитет** е институција за високо образование и за истражување, која доделува академски дипломи. Поимот универзитет потекнува од латинскиот збор universitas, што значи корпорација.[32]

**Факултет** претставува работна единица во рамките на еден универзитет. Факултетот претставува посебна школска установа на која се образоваат кадри во различни дисциплини. На крајот на студиите, факултетот на своите студенти им доделува дипломи кои се потврда за одредена титула и знаење во одредена област.[33]

---

[31] Петровиќ, Ружица .2003. Филозофија на образованието како филозофија на животот., Културен животот бр.4. Филозовски Факултет Скопје: стр.75

[32] Ибид:стр.76

[33] Ибид:стр.77

**Студент**. Етимолошкото потекло на зборот е од латинскиот глагол stŭdērĕ што значи „да се посветува внимание на нешто“. Според тоа, студент е некој којшто посветува внимание на некој предмет. Во македонскиот литературен јазик како студент се именува некој којшто посетува настава на факултет, односно некој којшто е во процес на стекнување високо, или вишо образование.[34]

**Наставна програма**. Во историскиот развој на дидактичката теорија и практика се изградувале бројни системи со кои се одредувала структурата на работата во наставата. Денес се споменува уште и изразот наставна стратегија, односно стратегија на наставата. Некои наставни системи од минатото се укинуваат поради нивната еднострaност и неефикасност, како диктирање, различни варијанти на испитувачката настава. Паралелно со укинувањето на застарените наставни системи се изградуваат современи кои повеќе одговараат на потребите на современото образование. При изградувањето на современите системи потребно е да се имаат предвид сите структурни компоненти на наставниот процес, и тоа со нивните микроелементи. Во секој дидактички систем се прикажуваат специфични варијанти во изведувањето на специфичните компоненти на наставниот процес од аспект на директното поучување на наставникот и самостојната работа на ученикот. Изведени се повеќе наставни системи, па оттаму и називот мултистратегија на наставата.[35]

**Болоњската декларација** е заедничка Декларација на европските министри за образование, која е потпишана во Болоња на 19 јуни 1999 година, а се однесува на реформи во системот на високото образование во Европа и преставува темел на Болоњскиот процес. По потпишувањето на оваа Декларација, реформите и имплементацијата на Болоњскиот процес, би требало да завршат до 2010 година. Во неа основни начела се: ЕКТС, степенот на студирање, Додатокот на дипломата и мобилноста.[36]

---

[34] Ибид:стр.78

[35]Педагошки речник I , Istitut za pedagoski istrazivanja (1976), Beograd, страна 98

[36] MAGNA CHARTA UNIVERSITATUM
www.public.mzos.hr/fgs.axd?id=10750

**Кредитот** претставува релативна нумеричка целобројна вредност, која се дефинира во предметните програми, со која се опишува квантитетот на работата на студентот во однос на вкупниот квантум на работа, потребен да се заврши во една академска година на единицата на универзитетот. Бројот на кредитите (бодовите) што студентот треба да го оствари за да се здобие со одредена стручна подготовка (диплома) изнесува 60 кредити (бода) за една академска година. Еден кредит (бод) одговара на 25 до 30 часа работа, што значи дека вкупната годишна оптовареност на студентите треба да изнесува од 1500 до 1800 часа. Бројот на кредитите (бодовите) што студентот треба да ги оствари за да се здобие со соодветна стручна подготовка (диплома), по завршување на тригодишните стручни студии, изнесува 180 кредити.

Бројот на кредити (бодови) се утврдува за секоја предметна програма посебно. Единиците на универзитетот го утврдуваат бројот на кредити во студиските и во предметните програми, како анекс на Правилникот на единицата на универзитетот.[37]

Според тоа, за тригодишните студии од прв циклус, вкупно се потребни минимум 180 кредити, за четиригодишните студии од прв циклус минимум 240 кредити, а за универзиетски студии од втор циклус минимум 300 кредити (заедно прв и втор циклус), и за универзитетски студии од трет циклус кумулација на минимум 480 кредити (прв, втор и трет циклус заедно).

Бројот на предмети кои ги слуша студентот во еден семестар варира од студиските програми на факултетите. Поедини предмети носат различен број бодови во зависност од обврските и задачите што ги има студентот и кои мора да ги исполни, за да може да положи во соодност со времето кое го троши да ги исполни сите испитни задачи. Мал број на бодови не значи дека одреден предмет е помалку важен, но дека е потребно помалку време за да се постигне ефект на

---

[37] MAGNA CHARTA UNIVERSITATUM
www.public.mzos.hr/fgs.axd?id=10750

научено градиво. Бројот на бодови не зависи директно од бројот на часови со предавања и вежби. Бројот на бодови се доделуваат по одделни детални анализи, потребно со успешно совладување на градивото и полагање на испитот. Со Кредит трансфер системот се остварува:

– зголемена мобилност на студентот на институционално, на национално и на меѓународно ниво;

– прецизен увид во обемот на работата и изразување на оптовареноста на студентот во процесот на студирањето;

– развивање и функционирање на механизми за перманентно следење на напредокот на студентот според резултатите од учењето;

– објективност во оценувањето и признавање на резултатите од студирањето;

– остварување компатибилност на студиските програми на институционално, на национално и на меѓународно ниво;

– воспоставување меѓународна мобилност на студентот и остварување компатибилност на студиските програми на интернационално ниво, според принципите на Европскиот систем за пренос на бодови – ECTS (European Credit Transfer System);

– непречено пренесување на постигањата на студентот од една во друга институција;

– зголемена индивидуализација на текот на студирањето;

– создавање основи за остварување на концептот за доживотно учење.[38]

Кредит трансфер системот се применува во остварувањето на студиските и предметните програми за:

– прв циклус на универзитетски студии;

– втор циклус на универзитетски студии;

– трет циклус на универзитетски студии;

[38] Ioana Bot, Eurozine, 01.07.2010.Contributed by Dilema veche Peščanik.net, 19.07.2010. Маринкович- Недучин, Радмила., Планчак Мирослав., Бабин Михајло., Хиршенбергер Хелена ., Предраг Лажетех., Краток .2006. Водич КРОЗ БОЛОЊСКИ ПРОЦЕС И НОВИ СИСТЕМ СТУДИРАЊА. Нови Сад: Универзитет у Новом Саду Финансирано од стране Европске Комисије у оквиру CARDS SCM Tempus Projekta C009B04

– прв циклус на стручни студии;

– специјалистички студии.[39]

Самостојниот проект, дипломски труд, завршен проект, специјалистички труд, магистерски труд, докторски труд, соодветно на зголемената ангажираност можат да носат и повеќе кредити од оние наведени погоре, но повторно се препорачува тој број на кредити да биде делив со 3.

Студентот во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветната програма го остварува преку континуирано оценување на сите активности предвидени со предметната програма. При формирањето на завршната оценка, 80% од оценката произлегува од колоквиумите, односно завршниот испит, а 20% од останатите активности. Максималниот број на бодови изнесува најмногу 100. Колоквиумот, односно завршното оценување се смета за позитивно, доколку студентот освои минимум 50% плус 1 бод од вкупниот број бодови предвидени за колоквиумот, односно за завршното оценување. Утврдувањето на потребниот број бодови за висината на добиената позитивна оценка на завршното оценување врз основа на активностите од континуираната проверка на знаењата и завршното оценување, се определува со посебен акт на единиците.

Другите активности во рамки на предметната програма вклучуваат:

– посета на предавања и активност на предавањата;

– извршени консултации;

– успешно реализирани вежби (вклучувајќи и присуство и активност);

– успешно реализирана практична работа;

– изработка на семинарски трудови;

– самостојна (домашна) работа;

– учење во библиотеки;

– менторство на други студенти;

– изработени или реализирани проекти;

---

[39] Ибид:стр.120

– освоени награди или пофалници;

– учество на семинари;

– учество на симпозиуми;

– други активности предвидени со предметната програма.[40]

Предметниот наставник не смее да им дава обврски на студентите надвор од предвидените активности.

ЕКТС е систем ориентиран кон студентот за акумулирање и трансфер на кредити врз основа на транспарентноста од последиците и процесите од учењето. Тој цели кон олеснување на планирањето, преносот, евалуацијата и признавањето на квалификациите и деловите на учење, како и студентската мобилност. ЕКТС нашироко се користи во формалното високо образование и може да се додаде и кон други активности за доживотно учење. Кредитите се додаваат на сите квалификации или студиски програми, како и на образовните компоненти (како што се: модули, делови од курсеви, дисертациски работи, работни активности и лабораториска работа).

**Видови и циклуси на студии**. Според Болоњската декларација студиите траат најмалку 3 години (3 циклуси). Основни академски студии се оние кои имаат помеѓу 180 и 240 ЕКТС, односно траат од 3 до 4 академски години. Лицето кое го завршува овој циклус на студии добива назив кој одговара на завршување на првиот степен на студии од одбраната област. Англискиот назив за крајот на овој циклус на студии е Bachelor.[41]

Постдипломските академски студии траат заедно со академските најмалку 5 години односно збир од 300 ЕКТС. На крајот, студентот добива назив *мастер*. Специјалистичките студии спаѓаат, исто така, во другиот циклус на студии и траат најмалку 1 година или 60 ЕКТС, под услов студентот да има претходно дипло-

---

[40] Арну, Жан Мари .2005. Оценувачка мисија.Битола 23-25, ноември

[41] The Bologna proces for U.S. Eyes:Re-learning Higter Education in theage of Convergence, www.ihep.org/assets/files/EYESFINAL.pdf

мирано. Лицето кое ги завршува овие специјалистички студии се нарекува *специјалист.*

Докторски академски студии траат најмалку 3 години и имаат најмалку 180 бодови. Пристап кон овие студии е исполнување на условот да се има завршено мастер студии. Лицето кое го завршува овој циклус на студии добива назив *доктор* на науки, односно уметности во соодност со назначената област.

По завршувањето на првото ниво на студирање (3-4 години), студентот стигнува на првото ниво на академското студирање или Bachelor, BSc) кое му овозможува да најде работа на пазарот на трудот, или да продолжи со своето студирање. Продолжувањето на студиите може да биде и по одредена практика. Продолженото студирање и негово завршување после 5 години, заедно со додипломското, односно мастер со 300 ЕКТС, поединецот има можности да најде работа, но и да продолжи кон специјалистички или докторски студии.[42]

На универзитетот „Св.Климент Охридски" – Битола, има два вида на студии:
– академски студии кои имаат за цел да ги оспособат студентите за развој и примена на стручните академски достигнувања, тие се повеќе теоретски и се изведуваат на универзитетите.
– стручни студии кои имаат за цел да ги оспособат студентите за примена на знаењата и вештините потребни за вклучување во работниот процес. Овие студии се повеќе врзани за решавање на практичните проблеми, а се слични како поранашните виши школи, но сепак се изведуваат на универзитетите.[43]

**Додаток на Дипломата (Diploma Supplement)**. По завршувањето на студиите студентите добиваат диплома и добиваат официјален докумен кој се вика Додаток на дипломата (Diploma Supplement). Овој документ содржи одреден стандардизиран опис на природата, нивоата, содржината и статусот на студиите

[42] Ибид:стр.120
[43] Официална интернет страна на Универзитетот "Св.Климент Охридски" http://www.uklo.edu.mk/files/attachments/STATUT_na_UKLO__25_12_2008KONECEN.pdf

кои ги завршил студентот. Во него се наведени детали за студиската програма и постигнатите отцени, но може да бидат наведени и имињата на професорите, како и вон наставните активности низ студирањето, како што се: членство во студентските организации, спортски и културни активности, одење на курсеви и семинари кои ги организира факултетот, познавање на странски јазик и др. Дипломата и Додатокот на дипломата се издаваат за сите тригодишни циклусни студии, и тоа на националниот јазик на земјата и на англиски јазик. Додатокот на дипломата е исклучително важен документ од аспект на мобилноста на студентите, како и прилика за идното вработување, бидејќи во него е јасно наведено што содржи дипломата, но дава и преглед на содржината на наставната програма.

Додатокот на дипломата е направен според моделот на Европската комисија, Советот на Европа и УНЕСКО/ЦЕПЕС. Целта на додатокот е да овозможи доволно независни податоци за да се подобри меѓународната „транспарентност" и фер академско и професионално признавање на квалификациите (дипломи, степени, уверенија итн.). Направен е да овозможи опис на природата, степенот, контекстот, содржината и статусот на студиите кои се проследени и успешно завршени од страна на поединецот назначен на оригиналната квалификација, кон која се додава овој Додаток. Истиот треба да е ослободен од сите вредносни судови, еквивалентни изјави или предлози во врска со признавањето.

Пример за потребните информации кои се потребни за пополнување на Додаток на диплома:

1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА КВАЛИФИКАЦИЈАТА

1.1 Презиме (презимиња)

1.2 Име (имиња)

1.3 Датум на раѓање (ден/месец/година)

1.4 Идентификациски број или код на студентот (ако има)

2. ПОДАТОЦИ ЗА КВАЛИФИКАЦИЈАТА

2.1 Назив на квалификацијата (ако има), доделена титула (на мајчин јазик)

2.2 Главна(и) област(и) на изучување за квалификацијата

2.3 Назив и статус на институцијата (на мајчин јазик)

2.4 Назив и статус на институцијата (ако е различно од 2.3.), завршени студии (на мајчин јазик)

2.5 Јазик (јазици) на кои се одвивале наставата/испитите

3. ПОДАТОЦИ ЗА СТЕПЕНОТ НА КВАЛИФИКАЦИЈА

3.1 Степен на квалификација

3.2 Официјално времетраење на програмата

3.3 Услови за упис

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОДРЖИНАТА И ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

4.1 Начин на студирање

4.2 Услови за програмата

4.3 Детали за програмата (модули или поглавја кои се изучувани) и индивидуални оценки/кредити кои се стекнати (доколку овие податоци ги има на официјалното уверение за положени испити, тоа треба да се искористи овде)

4.4 Шема на оценување (ако има), водич за пренос на оценки

4.5 Целосна класификација на квалификацијата (на мајчиниот јазик)

5. ПОДАТОЦИ ЗА ФУНКЦИЈАТА НА КВАЛИФИКАЦИЈАТА

5.1 Пристап кон понатамошно студирање

5.2 Професионален статус (ако има)

6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ

6.1 Дополнителни податоци

6.2 Понатамошни извори на податоци

7. УВЕРЕНИЕ ЗА ДОДАТОКОТ

7.1 Датум

7.2 Потпис

7.3 Капацитет

7.4 Официјален печат или потпис[44]

Крајната цел на учењето преставува тоа дека индивидуата од процесот на студирање ќе произлезе компетентна и богата со вештини и знаења, кои како студент ги стекнала низ процесот на студирање. Целта на учењето не се однесува на содржината или методологијата на наставата, туку на она што се очекува студентот да го стекне или развие низ процесот на студирање. Целите на студирањето се дефинираат низ целата студиска програма и за поединечни предмети. Се мисли дека студентот, кој го положил испитот без обзир на тоа која оценка ја добил, стекнува дефинирана компетентност, односно целта на учењето е остварена и „поради“ добиените предвидени бодови.

Додаток на дипломата е документ којшто високообразовните институции го издаваат заедно со дипломата по дипломирањето на секој студент. Основна цел на Додаток на дипломата е да овозможи подобра меѓународна препознатливост, академско и професионално признание на стекнатите квалификации. Таа не треба да содржи какви било предлози, споредби или истакнување на вредности со кои би се сугерирало препознавање на дипломата.

Додаток на дипломата ја издаваат националните високообразовни групи, а она што треба таа да содржи е дефинирано од заедничка работна група на Европската комисија, Советот на Европа и УНЕСКО. Податоците на дипломата се организирани во осум делови и сите тие делови мора да се пополнат. Сите начини на службена верификација кои се применуваат на дипломата се применуваат и на додатокот (на пр. потпис на ректорот, службен печат, воден знак итн.)

---

[44] Официална интернет страна на Универзитетот “Св.Климент Охридски”
http://www.uklo.edu.mk/files/attachments/STATUT_na_UKLO__25_12_2008KONECEN.pdf

Диплома-додаток не е:

– Замена за оргинална диплома;

– Curriculum vitae;

– Не овозможува автоматско препознавање на дипломата.

**Мобилност**. Мобилноста подразбира движење на студентите, образовниот кадар и истражувачите меѓу универзитетите како во националните земји така и во другите земји, без разлика дали тоа се дел од студиите или продолжување на целокупното студирање (семестар, академска година). Мобилноста на студентите е еден од приоритетите на Европската унија во областа на образовната политика, а тоа најдобро се согледува со вложените финансиските средства кои се инвестирани во програмите за мобилност како што се Erasmus, Erasmus Mundus и други.[45]

Еден од основните принципи на Болоњската декларација е овозможување и постигнување мобилност на студентите и наставниот кадар внатре во Европскиот простор на високо образование. Може да се каже дека во голема мера на Болоњската декларација и нејзините делови односно ЕКТС, новата структура на студии, Додатокот на диплома и други имаат за цел овозможување лесна и сигурна мобилност на студентите, образовниот кадар и истражувачите внатре во европскиот простор за високо образование.

[45] The Bologna Process in Higher Education in Europe- key indications on the social dimension and mobility.2009.Eurostat Statistical books, eurostat, EUROPEAN COMMISSION n.354

## 3. 3 Операционално определување на предметот на истражувањето

Во какви услови ќе се имплементира Болоњската декларација зависи од организациската структура на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола. Општествените услови, во различна мера, придонесуваат за поефикасно и поуспешно воведување.

Според учеството, учесниците можат да се поделат на посредни и непосредни – оние кои се дирекно вклучени во процесот и оние кои се само воведувачи на промените и иницијатори на целиот процес.

Мотивот е непосредно изразен од потребите за промена и воведување на нешто што е веќе успешна практика во многу европски земји.

# 4. Хипотетичка рамка на истражувањето

## 4.1 Општа хипотеза

Генерална хипотеза на ова магистерска теза е:

Имплементацијата на Болоњската декларација влијае врз квалитетот на високото образование на државниот универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола.

## 4.2 Посебни хипотези

1. Новиот систем на циклуси на студирање (4+1+3 и 3+2+3), којшто произлегува од принципите на Болоњската декларација влијае врз квалитетот на образованието на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

2. Студирањето по ЕКТС влијае врз проодноста на студентите во рамките на одреден циклус од студирањето (I, II, III циклус).

3. Имплементацијата на Болоњската декларација преку зголемувањето на квалитетот на образованието влијае врз мобилноста на студентите од Р. Македонија кон другите универзитети низ Европа.

4. Основните елементи на Болоњската декларација преку методичко-дидактичките принципи влијаат врз квалитетот на наставата на професорите и соработниците во државниот универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

5. Основните елементи на Болоњската декларација преку методичко-дидактичките принципи влијаат врз активното учество на студентите во процесот на наставата на државниот универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола.

6. Реализирањето на Болоњската декларација влијае врз употребата на современата информациско-комуникациска технологија во наставата.

7. Имплементацијата на Болоњската декларација влијае врз квалитетот на евалвацијата на знаењето на студентите од страна на професорите на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола.

# 5. Методи и техники на истражувањето

Истражувањето ќе определи колкав е степенот на имплементираност на принципите кои се определени со Болоњската декларација. Со истражувањето воедно ќе се утврди состојбата во која се наоѓа високото образование и кои промени настануваат со имплементацијата на овој важен европски документ. Истражувањето ќе произлезе од комбинација на квалитативни и квантитативни методолошки постапки.

## Методолошка постапка 1 – Анкета

Со методолошката постапка анкета со претходно подготвен анкетен прашалник за студентите ќе бидат анкетирани вкупно 150 студенти. Анкетниот прашалник ќе содржи прашања кои се однесуваат за начинот на одвивање на наставата, студирањето со доделувањето на кредити, начинот на добивање на дипломи за завршените студии (Diploma Supplement) ако и можностите за натамошни циклусни усовршувања. Прашањата ќе бидат формулирани во комбинација на два начина и тоа стандардизирани, во кои се да дадени одговори во алтернатива и нестандардизирани со отворени прашања. Студентите ќе бидат избрани по пат на случаен избор.

Изборот ќе се направи така што ќе бидат опфатени студенти со различни профили на изучување. Примарно ќе се направи листа на сите факултети кои се опфатени на овој Универзитет вклучувајќи и дисперзирани студии (доколку постојат) со што би се вовела селекција за вклучување на различни насоки на изучување.

## Методолошка постапка 2 – Интервју

Методолошката постапка интервју ќе биде спроведена на универзитетските единици – факултетите со вкупно 25 професори. Интервјуто ќе биде насочено и слободно.

Прибирањето на податоци ќе се одвива на територијата на Р. Македонија и тоа на универзитетот „Св Климент Охридски“ – Битола.

Единици на универзитетот „Св Климент Охридски“ – Битола.

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП
ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - БИТОЛА
ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО - ОХРИД
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И МЕНАЏМЕНТ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ - КИЧЕВО
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ- ВЕЛЕС
ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА - БИТОЛА
ВЕТЕРИНАРЕН ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА
НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН - ПРИЛЕП[46]

[46] www.uklo.edu.mk/faculties/view/144

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ДОБИЕНИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА СО СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

| Анкетни прашања | Дали сте запознати со системот на циклуси на студирање на УКЛО? | Дали знаете дека циклусите на студирање се временски опфатени и колку таквиот циклус влијае врз вашите размислувања за понатамошно усовршување? | Дали студирањето по ЕКТС позитивно влијае врз вашата проодност и продолжување на студирањето во I, II,III циклус? | Дали со ваквиот метод на работа сте поттикнати за мобилност и продолжување на студирањето на друг универзитет во Европа? | Дали на УКЛО имало понуди за некоја од програмите за мобилност и дали сте се пријавиле на некоја? |
|---|---|---|---|---|---|
| Одговориле | 146 | 150 | 150 | 150 | 148 |
| Не одговориле | 4 | 0 | 0 | 0 | 2 |

| Анкетни прашања | Дали со ваквиот метод на работа на професорите и соработниците добивате повеќе информации и подобро го совладувате градивото? | Дали во процесот на студирање имате активна настава и дали завземате активно учество во неа? | Дали мислите дека со активното учество во текот на наставата стекнувате повеќе знаење и развивате способност? | Дали се употребува современа информациско - комуникациска технологија во наставата? | Дали евалуацијата на вашето знаење е добра од страна на професорите на начинот кој се бара од вас? |
|---|---|---|---|---|---|
| Одговориле | 150 | 146 | 150 | 146 | 150 |
| Не одговориле | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 |

## ФРЕКВЕНЦИОНИ ТАБЕЛИ

- *Прашање број 1*

**Дали сте запознати со системот на циклуси на студирање на УКЛО**

| | фреквенција | процент | валиден процент | збирен процент |
|---|---|---|---|---|
| **ДА** | 125 | 83,3 | 85,6 | 85,6 |
| **НЕ** | 9 | 6,0 | 6,2 | 91,8 |
| **НЕ ЗНАМ** | 12 | 8,0 | 8,2 | 100,0 |
| **ВКУПНО** | 146 | 97,3 | 100,0 | |
| **Неодговорени** | 4 | 2,7 | | |
| **Систем** | 150 | 100,0 | | |
| **ВКУПНО** | | | | |



На првото прашање „Дали сте запознати со системот на цикуси на студирање на УКЛО, студентите од универзитетот „Св. Климент Охридски“ имаа понудени можни три одговори. Повеќе од студентите на факултетите и тоа 125 од вкупно 150 анкетирани или 83,3% одговориле со ДА, односно тие се запознати со системот на циклуси на студирање, преку разговор студентите прецизираа дека се информирале за тоа дали факултетот на кој имале аспирации да студираат ги вовел циклусите на студирање или работи по стара програма која имаше само еден цилкус додипломски студии на студирање. Студентите со овој одговор посочиле дека повеќето од нив знаат за воведените циклуси и можноста за определување на еден од нив.

Со заокружени 9 анкетни листови студентите одговориле со модалитетот НЕ односно 6% со што се покажува дека тој процент на студенти не се запознаени со системот на циклуси на студирање. Овој процент на студенти не се запознаени со системот на студирање односно не знаат дека претходно постоел друг вид на временско опфатен циклус на студирање и не би можеле да направат разлика.
Со понуден одговр НЕ ЗНАМ одговриле 8% од студентите односно не се запознати и не знаат за системи на студирање.
Со овие добиени податоци студентите покажуваат дека веќе се запознаени со начинот на кој се организира работата на факултетот на кој се запишани. Дел од студентите знаат за претходниот начин на работа на факултетите, но и знаат да ги набројат разликите кој се јавуваат помеѓу стариот и новиот систем на работа. Со ова се покажува дека студентите во процесот на студирање имаат јасна престава за начинот на работа и во кој правец треба да се движи нивното студирање, а тоа допринесува позитивно организирање на времето со кое располагаат. Оние студенти кои веќе имаат „зацртана“ замисла за нивниот правец во студирањето и се добро запознаени со циклусите на студирање многу полесно ќе се движат низ процесот на завршување на еден и започнување на друг – следен циклус на студирање. Студентите укажуваат дека ваквиот систем на циклуси на универзитетот „Св Климент Охридски“ во Битола им е доволен за стекнување на знаење е дека им е од

голема помош. Тие посочуваат дека цилкусите се добро формулиран но има одредени насоки каде циклусите се неадекватно дооформулирани (како на пример на Правниот факултет) и дека е потребно нивно продолжување или неопходно надоградување за комплетно оформена академска индивидуа спремна за на пазарот на трудот.

- *Прашање број 2*

**Дали знаете дека циклусите на студирање се временски опфатени и колку таквиот циклус влијае врз вашите размислувања за понатамошно усовршување?**

| | фреквенција | процент | валиден процент | збирен процент |
|---|---|---|---|---|
| ДА | 107 | 71,3 | 71,3 | 80,7 |
| МНОГУ ДОБРО | 1 | ,7 | ,7 | 81,3 |
| НЕ | 10 | 6,7 | 6,7 | 88,0 |
| НЕ ЗНАМ | 15 | 10,0 | 10,0 | 98,0 |
| ПОЗИТИВНО | 2 | 1,3 | 1,3 | 99,3 |
| ПРИМОРАНИ СМЕ | 1 | ,7 | ,7 | |
| НЕ ВЛИЈААТ | 14 | 9,3 | 9,3 | 97,7 |
| ВКУПНО | 150 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |




На второто прашање „Дали знаете дека цилкусите на студирање се временски опфатени и колку таквиот циклус влијае врз вашите размислувања за понатамошно усовршување?“ студенти со одговор ДА се определиле на 107 од 150 вкупно анкетни ливчиња или 71.3%. Тоа значи дека овој процент на студенти ги знаат циклусите на студирање дека се опфатени со 4+1+3 и 3+2+3 којшто произлегуваат од принципите на Болоњската декларација и знаат дека позитивно ќе им влијае на нивната орјентација за евентуално понатамошно усовршување. МНОГУ ДОБРО ги знаат и ги разбираат циклусите и позитивно влијаат врз нивното определување само 0.7% студенти.

Со понудениот одговор НЕ одговориле 10 од 150 студенти односно 6,7% од студентите на петте случајно избрани факлултети на универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и посочиле дека не ги знаат доволно добро циклусите и дека тие не им влијаат врз размислувањата за понатамошно усовршување. Со

модалитетот НЕ ЗНАМ одговориле 15 односно 10% од случајно одбраните студенти. ПОЗИТИВНО одговориле 2 од студенти односно 1,3% од студентите којшто се сложиле со тоа дека многу добро ги знаат и позитивно им влијае тоа кон определување за продолжување и усовршување во избраната насока на студирање. Со одговорот ПРИМОРАНИ СМЕ се изјасниле 0,7% од студентите со кое укажаат на тоа дека приморани се да ги знаат циклусите бидејќи доколку бидат заинтересирани за понатамошно усовршување во нивна предност е и да ги познаваат циклусите а со тоа и годините на студирање за можно натамошно напредување.

Ваквите податоци покажуваат дека голем дел од студентите ги знаат и добро ги разбираат временските циклуси на студирање. Новите циклуси на студирање се добро прифатени од студентите и нивната примена ја гледаат како олеснителна околност за понатамошно усовршување. Сепак, студентите од универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола знаат дека со тригодишните студии имаат помали шанси за вработување, па затоа се решаваат да го продолжат студирањето на вториот циклус и дека циклусите организирани како такви не се приоритет за нивно понатамошно надградување. Мал дел од студентите тоа го сметаат како приморaност од страна на системот на организирање на циклусите и воопшто на самата Болоњска декларација, односно посочуваат на неопходноста од пролжување на студирањето, бидејќи првиот циклус временски е краток за добивање на доволно знаење за областа која ја изучуваат. Мал дел од студентите не се сигурни за тоа дека временскиот опсег на студиските програми влије врз нивната определба за натамошно усовршување, бидејќи сметаат дека волјата и аспирациите се одлучни за тоа дали студентот натамошно ќе се усовршува.

- *Прашање број 3*

**Дали студирањето по ЕКТС позитивно влијае врз вашата проодност и продолжување на студирањето во I, II, III циклус?**

| | фреквенција | процент | валиден процент | збирен процент |
|---|---|---|---|---|
| НЕ ВЛИЈАЕ | 4 | 2,7 | 2,7 | 95,0 |
| ДА | 123 | 82,0 | 8,2 | 84,7 |
| МОЖЕБИ | 1 | ,7 | ,7 | 85,3 |
| НЕ | 9 | 6,0 | 6,0 | 91,3 |
| РАЗМИСЛУВАМ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ | 1 | ,7 | ,7 | 92,0 |
| НЕ ЗНАМ | 5 | 3,3 | 3,3 | 95,3 |
| ПОЗИТИВНО | 7 | 4,7 | 4,7 | 100,0 |
| ВКУПНО | 150 | 100,0 | 100,0 | |



Еден од најупотребуваните елементи од Болоњската декларација се ЕКТС или кратко кажано – кредитите, токму и тие се содржани во ова трето прашање. Студентите кои се избрани по случаен избор се определиле за модалитетот ДА и тоа 123 од вкупно 150 или 82%, број кој укажува на тоа дека студентите се задоволни од воведувањето на кредитниот систем во нивното студирање и дека тој го олеснува процесот на стекнување постепено знаење во насоката која ја одбрале. Студентите во овој одговор посочуваат дека ЕКТС им помаѓа во студирањето а со тоа и полесно се решаваат и се одлични дека сакаат да го продолжат студирањето во наредните циклуси.

Понудениот одговор МОЖЕБИ и НЕ РАЗМИСЛУВАМ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ се однесува само на мал дел и тоа 0,7% што значи дека ова мислење е кај студентите кој немаат јасно определен став за ЕКТС. За НЕ се определеле 9 од вкупно 150 или 6,0% студенти кој не се задоволни од процесот на студирање со ЕКТС и веројатно мислат дека претходниот систем бил подобар за разлика Болоњскиот. Мал дел од студентите и тоа 5 или 3,3% немаат јасен став за ЕКСТ и го одбрале делот од понудените одговори во НЕ ЗНАМ. ПОЗИТИВНО се одлучиле да одговорат 7 или 4,7% од студентите кој покажуваат дека ЕКТС позитивно влијаел врз нивното студирање и им помага да се одлучат да продолжат во наредните циклуси и да се надоградуваат со знаење.

Студентите студирањето според Европскиот кредит транфер систем на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола го сметаат како позитивно врз подигнување на квалитетот на нивното образование но не мислат дека ваквиот систем ги поттикнува за продолжување на студирањето во втор или трет циклус. Нивните размислувања се позитивни за кредитите како метод на совладување на зададениот материјал но не дека влијаат за нивната определба за интелектуално усовршување. Дел од студентите немаат оформено мислење и воопшто не размислуваат за понатамошно усовршување. Според добиените резултати кредитите влијаат мотивациono за совладување на материјалот од зададениот предмет кој се изучува но тие не влијаат за натамошно усовршување на студентите. Наташното

усовршување и зголемување на квалитетот на образованието не зависи директно од ЕКТС туку од ред други чинители.

- *Прашање број 4*

**Дали со ваквиот начин на работа сте поттикнати за мобилност и продолжување на студирањето на друг универзитет во Европа?**

| | фрекфенција | процент | валиден процент | збирен процент |
|---|---|---|---|---|
| ДЕЛУМНО | 10 | 6,7 | 6,7 | 88,0 |
| ДА | 84 | 56,0 | 56,0 | 62,7 |
| МОЖЕ ДА СЕ КАЖЕ | 1 | ,7 | ,7 | 63,3 |
| МОЖЕБИ | 1 | ,7 | ,7 | 64,0 |
| НЕ | 47 | 31,3 | 31,3 | 95,3 |
| НЕ ЗНАМ | 7 | 4,7 | 4,7 | 100,0 |
| Вкупно | 150 | 100,0 | 100,0 | |




На ова прашање студентите од универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола позитивно со одговор ДА одговориле 84 од вкупно 150 студенти или 56,0% кој мислат дека системот на студирање кој е пропишан во Болоњската Декларација е поттикнувачки за мобилност меѓу различни универзитети низ Европа. Студентите со овој одговор посочуваат дека студирањето според принципите на Болоњската декларација позитивно ќе влијае врз нивното културно издигнување со продолжување на студирањето на некој од факултетите од Европа.

Многу мал дел од студентите мислат дека МОЖЕ ДА СЕ КАЖЕ и МОЖЕБИ начинот на работа на факултетите може да поттикне за мобилност и продолжување на студирањето на друг Европски универзитет надвор од рамките на својата држава, процентуално тоа би било 0,7% . Одреден дел од испитаните студенти покажуваат дека начинот на работа не влијае врз мобилноста и дека тој не е чинител за продолжување на студиите на друг Европски универзитет, додека пак 47 или 31,3% од студентите имаат мислење кое го негира прашањето дека начинот

на работа позитивно влијае врз мобилноста. Дел од студентите одговориле со НЕ ЗНАМ и тоа 7 односно 4,7%, студенти кои немаат јасно мислење за ова прашање.

Мобилноста е исто така биден дел од Болоњската декларација бидејќи со неа потписниците имаа зацртано широк безграничен едукативен простор. Но, мобилноста делумо зависи од начинот на кој се студира, многу повеќе влијаат други фактори како што се: меѓународна соработка на ректорат и потпишување на соработка со други универзитети отколку со начинот на работа помеѓу студентите и универзитетските професори. Начинот на работа со размена на кредитите повеќе влијае на прилагодувањето на студентот при мобилност на начинот на работа на друга универзитетска установа отколку на поттик за мобилност. Мобилноста може да биде поттикната од страна на разни проекти кои се организираат помеѓу универзитетите низ Европа, но сепак мобилноста најмногу зависи од самиот студент и колку тој е заинтересиран за спознавање на други култури, начин на студирање на други Европски универзитети.

- *Прашање број 5*

**Дали на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола имало понуди за некоја од програмите за мобилност и дали сте се пријавиле на некоја?**

| | фреквенција | процент | валиден процент | збирен процент |
|---|---|---|---|---|
| ДА | 42 | 28,0 | 28,4 | 28,4 |
| НЕ | 50 | 33,3 | 33,8 | 62,2 |
| НЕ ЗНАМ | 56 | 37,3 | 37,8 | 100,0 |
| Вкупно | 148 | 98,7 | 100,0 | |
| Не одговорени | 2 | 1,3 | | |
| Вкупно | 150 | 100,0 | | |

Дали на УКЛО имало понуди за некоја од програмите за мобилност и дали сте се пријавиле на некоја?



На прашањето број пет повеќе од студентите 56 односно 37,3% одговориле дека НЕ ЗНААТ, не се запознаени и не се информирани за тоа дали има понуди за програмите за мобилност низ универзитетите во Европа. Што значи дека студентите не се доволно информирани за тоа какви понуди за размена на студенти има на нивниот Универзитет. Студентите со ова прашање покажуваат и дека немаат основни информации и за тоа дали нивниот Универзитет потпишал договор за соработка со други универзитети во Европа.

Студентите кои одлучно одговориле НЕ покажуваат дека нивниот Универзитет нема соработка со други универзитети од Европа и тие се присутни во ова прашање со 33,3% или 50 од вкупно 150. Овие студенти со голема веројатност може да се каже дека никогаш не добиле информации за програмите за мобилност. Понудениот одговор ДА е присутен во ова прашање со 28% или 42 испитани студенти. Овие студенти се запознаени дека нивниот Универзитет има воспоставено договор за програмите за мобилност и дека се запишале на некоја од нив и дека би сакале да го продолжат нивното студирање за семестар или академска година во друга европска држава а воедно и сроден универзитет.

Размената на студенти е битен сегмент од можноста за зголемување на квалитетот на високото образование. Сепак на универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, нема информираност за можностите за мобилност како и активните огласи за нивно пријавување. Повеќе од студентите не добиваат информации за можни начини за мобилност а доколку би имале шанси би се одлучиле на таков чекор. Мал дел од студентите знаат и веќе биле на програмите за мобилност, но иако тие биле надвор од границите на матичниот факултет сепак нивните ставови се дека само културно се издигнуваат во однос на размена на културата и учење повеќе за земјата на престој отколку подигнување на квалитетот на студирање. Студентите кои веќе биле на програмите за размена имаат мислење дека знењето на Европските факултети се на исто ниво со достигнувањето и ангажирањето и универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола но придобивката се состои во размената на културата.

- *Прашање број 6*

**Дали со ваквиот метод на работа на професорите и соработниците добивате повеќе информации и подобро го совладувате градивото кое го изучувате?**

| | фреквенција | процент | валиден процент | збирен процент |
|---|---|---|---|---|
| ПОНЕКОГАШ | 8 | 5,3 | 5,3 | 96,0 |
| ДА | 127 | 84,7 | 84,7 | 90,0 |
| ДЕЛУМНО | 1 | ,7 | ,7 | 90,7 |
| НЕ | 8 | 5,3 | 5,3 | 96,0 |
| НЕ ЗНАМ | 4 | 2,7 | 2,7 | 98,7 |
| ПОДОБРО | 1 | ,7 | ,7 | 99,3 |
| ЗАВИСИ | 1 | ,7 | ,7 | 100,0 |
| Вкупно | 150 | 100,0 | 100,0 | |



На ова прашање студентите одговориле дека подобро го совладуваат градивото кое го изучуваат со помошта која ја добиваат од професорите и соработниците. Помошта се однесува на новиот начин на работа каде студентите имаат активна улога во целиот процес на изучување на материјата која е предвидена за одреден предмет. Во соработници се вклучуваат асистентите, демонстраторите, изведувачите односно лицата кои активно учествуваат се со цел олеснување на процесот на добивање информации кои им се потребни на студентите за да не би имале тешкотии во однос на книги, проекти, семинарски или пак содржински проблеми кои се однесуваат на материјата која се изучува. Со одговор ДА одговориле 127 студенти или 84,7% односно оние кои се согласуваат со тезата дека добар е начинот на работа кој е организиран од страна на професорите и работниците.

ДЕЛУМНО, ПОДОБРО и ЗАВИСИ одговориле само 0,7% од студенти, овие студенти сметаат дека ваквиот метод на работа зависи и од други фактори и дека не е зависно само од начинот на работа организиран од професорите и сорабтониците. Некои од студентите за ова прашање делумно мислат дека е во зависност од организациониот метод кој е битен за добивањето на информации и полесно и подобро совладување на материјалот. За понудениот одговор НЕ се одлучиле оние студенти кои сметаат дека ваквиот метод на работа организиран од професорите и соработниците не е добар односно 8 студенти или 5,3% за добивање на информации и совладување на материјата која се изучува. Студенти кои не се одлучиле за ниеден друг одгвор и исто така оние кои немаат формирано мислење за ова прашање прашање се застапени со 2,7% односно 4.

Метод на работа е исклучетелно важен за зголемување на квалитетот на образобванието. Новиот систем на работа е многу добро прифатен од страна на студентите, за разлика од претходниот систем на работа каде тие беа пасивни слушатели сега нивната улога се сменува. Новиот метод на работа е добар според студентите поради тоа што тие се активни чинители на спознајниот процес. Сами доаѓаат до фактите и спознанијата за материјата која ја студираат. Со овој метод на

работа студентите сами се чинители на академскиот час, сами го осмислуваат метод на работа додека професорите го водат целиот процес и им даваат инструкции за развој на начинот на совладување на градивото.

- *Прашање број 7*

**Дали во процесот на студирање имате активна настава и дали зазвемате активно учество во неа?**

| | фреквенција | процент | валиден процент | збирен процент |
|---|---|---|---|---|
| ДА | 131 | 87,3 | 89,7 | 89,7 |
| НЕ | 6 | 4,0 | 4,1 | 93,8 |
| НЕ ЗНАМ | 9 | 6,0 | 6,2 | 100 |
| Вкупно | 146 | 97,3 | 1 | |
| Неодговорени | 4 | 2,7 | | |
| Вкупно | 150 | 100,0 | | |




Ова прашање води кон целта да се согледаат мислењата на студентите за текот и начинот на кој се одвива наставата. Претходна практика за одвивање на наставата се состоеше во пасивно следење на наставата во текот на една академска година со крајно полагање на материјалот. Но за новиот начин на работа студентите нивниот одговор го дале со овој процент: 87,3% или 131 студенти кои се одлучиле за ДА односно дека имаат активна настава и дека овој дел на студенти завзема активна улога во неа. Студентите кој одговориле позитивно на ова прашање ги уочиле придобивките од активната настава и активно учествувале во неа како за добивање на кредити така и за полесно совлдување на зададената материја за изучување.

Студенти кои немаат активно учество во наставата која се организира во текот на часовите е многу мал и тоа 4,0% или 6 од вкупно 150 испитани студенти. Оние кои незнаат за тоа каква настава се орагнизира и дека немаат учество во наставата се присутни тука со 6,0% или 9 студенти. Овие испитаници или се студенти со вонреден статус или се студенти со преквалификација за одредена област кој ја студираат.

Пасивното слушање на професорот е дел на предходниот систем на работа додека воведувањето на Болоњската декларција воведува еден нов систем каде студентот има активно учество во целокупниот процес на спознавање на материјата која се изучува. Повеќето студенти се мотивирани да завземат активно учество мотивирани од добивањето на кредити но сепак тоа позитивно влијае врз совладувањето на зададената материја. Студентите сакаат да бидат вклучени во настава бидејќи со нивното вклучување тие се во тек со материјата која се изучува и можностите кои им се дадени да го водат академскиот час. Исто така на студентите им се дадени можности сами да го осмислат начинот на кој ќе го презентираат она што им е зададено со активната настава, со тоа тие ја согледуваат позивната конкуренција и се „натпреваруваат“ за поуспешно презентирање или изработка на зададените задачи.

- *Прашање број 8*

**Дали мислите дека со активното учество во текот на наставата стекнувате повеќе знаење и развивате способности како што се презентација пред другите, критичко мислење?**

| | фреквенција | процент | валиден процент | збирен процент |
|---|---|---|---|---|
| Зависи | 8 | 5,3 | 5,3 | 96,0 |
| Да | 127 | 84,7 | 84,7 | 90,0 |
| Да, се добиваат кредити и повисоки оценки | 1 | ,7 | ,7 | 90,7 |
| Не | 8 | 5,3 | 5,3 | 96,0 |
| Не знам | 4 | 2,7 | 2,7 | 98,7 |
| | 1 | ,7 | ,7 | 99,3 |
| Зависи од професорите | 1 | ,7 | ,7 | 100,0 |
| Вкупно | 150 | 100,0 | 100,0 | |



Активнта настава сама посебе не значи ништо доколку студентите активно не се вклучат во неа и заедно ја формираат и чинат таа настава. Самите студенти со тоа што ја содржат  и обавуваат активната настава имаат позитивни придобивки кои ги стекнуваат а со тоа и дел од материјалот кој им е зададен го совладуваат токму низ активностите кои се зададени на часот. Повеќето од анкетираните студенти и тоа 140 или 93,3% се одлучиле за ДА дека со активното учество позитивно се влијае врз стекнувањето на знаење на часовите како и добивање на кредити кои би го помогнале процесот на комплетно завршена материја за одреден предмет.

Дел од студентите и тоа 4 односно 2,7% мислат НЕ дека со активната настава не се стекнува повеќе знаење и дека тоа само им ја отежнува работата бидејќи им одзема време кое би го потрошиле на сконцентрирано изучување на материјалот. Мал дел студенти сметаат дека тоа зависи од професорите и тие сочинуваат 0,7%.

Повеќето од студентите кои се вклучени во активната настава, тоа го сметаат како позитивно искуство со добивање на повеќе придобивки за формирање на индивидуата, како и нејзино понатамошно активно вклучување на пазарот на трудот. Активното учество во текот на настават допринесува и тоа како за развој на критичкото мислење, презентација пред другите, развивање на мисловни способности со што допринесува за поголема самодоверба кај студентот, како и волја за понатамошен ангажман и проширување на мисловниот “хоризонт”.

- *Прашање број 9*

**Дали се употребува современа информациско-комуникациска технологија во наставата?**

| | фреквенција | процент | валиден процент | збирен процент |
|---|---|---|---|---|
| ДА | 112 | 74,7 | 76,7 | 76,7 |
| НЕ | 12 | 8,0 | 8,2 | 84,9 |
| НЕ ЗНАМ | 22 | 14,7 | 15,1 | 100 |
| Вкупно | 146 | 97,3 | 100,0 | |
| Неодговорени | 4 | 2,7 | | |
| Вкупно | 150 | 100,0 | | |



Примената на информациско- комуникациската технологија и тоа како е битна во текот на студирањето на денешните и на идните студенти. Студентите тешко би го совладале она што им зададено без инфомациско-комуникациската технологија присутна на часовите и вон часовите низ факултетите. Оние студенти кои сметаат дека има и се употребува информациско-комуникациска технологи во наставата чинат 76,7% или 112 од вкупно 150 акетирани. Дека не се употребува информациска-комуникациска технологија во наставата сметаат 8,0% или 12 студенти додека пак мал дел незнаат дали се употребува или не се употребува мислат 22 или 14,7% од студентите.

Примената на информациско – комуникациска технолигија на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола според анкетираните студенти е применета и тоа позитивно влијае вра нивното совладување на зададената материја. Исто така со вовување на информациско – комуникациска технолигија студентите имаат можност и пристап до новите достигнувања од насоката која ја студираат. Не сите студенти знаат за значењето на информациско – комуникациска технолигија но сепак на високо ниво е применета на единиците – факултетите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

- *Прашање број 10*

**Дали евалуацијата на вашето знаење е добра од страна на професорите од начинот на кој се бара од вас?**

| | фреквенција | процент | валиден процент | збирен процент |
|---|---|---|---|---|
| Понекогаш | 10 | 6,7 | 6,7 | 88,0 |
| Да | 110 | 73,3 | 73,3 | 80,0 |
| Делумно | 2 | 1,3 | 1,3 | 81,3 |
| Можеби | 2 | 1,3 | 1,3 | 81,3 |
| Не | 13 | 8,7 | 8,7 | 91,3 |
| Не знам | 9 | 6,0 | 6,0 | 97,3 |
| Зависи | 4 | 2,7 | 2,7 | 100,0 |
| Вкупно | 150 | 100,0 | 100,0 | |



Според Болоњската декларација знаењето на студентите се евалуира само со писмена форма на одговори. Така дел од студентите се согласуваат, а дел не се согласуваат со ваквиот метод на работа и презентирање на нивното знаење. Оние кои мислат дека ваквиот метод на работа е добар и писмениот начин на отценување е добар ги формираат оние 73,3% односно 110 од вкупно 150 анкетирани студенти.

Делумно и Можеби мислат само 4 или 2,6 % студенти односно оние кои немаат јасно мислење за тоа дали ваквиот начин на евалуација е добар или не. Студенти кои не мислат дека овој начин на евалуација на знаењето е добар го сочинуваат 8,7% или 13 од 150 студенти а оние кои сметаат дека зависи од други фактори го сочинуваат 2,7% или 4 студенти.

Писмениот начин на евалуација на знаењата на студентите е еден од добрите методи за проверка на наученото градиво. Но, сепак примената единствено само со метод на писмено изразување не е најадекватен начин за евалуација на она што е совладано. Во некои насоки на изучување тоа е и невозможно, посебно во практичната настава. Усниот начин на изразување преставува можност да се слушнат ставовите и расмислувањата на студентот, како и можност за негово презентирање. На некои факултети е неизбежна практичната настава а со тоа и задржување на практичното усмено испрашување. Писменото евалуирање на знаењето не е неопходно во секој случај, во некои од случаите би требало да се воведе комбинираното еваулирање бидејќи тешко е да добиете на пример правник на кој никој не му го слушнал гласот.

## Заклучок од спроведената анкета со студентите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола

Студентите кои беа анкетирани и беа опфатени со оваа анкета воглавно позитивно се поставија кон промените од Болоњската декларација. Тие позитивно ја отценуваат и сметаат дека таа е насочена кон нивно побрзо и поуспешно завршување на започнатите студии. Почнувајќи од начинот на студирање, студентите се адаптирале и прилагодиле кон овој начин и добро се снаоѓаат според него, тие мислат дека знењето кое го стекнуваат во текот на три или четири годишните студии се доволни за нивното професионално ангажирање. Но ваквото „структуирање“ на студиите не придонесува за голем процент на студенти да се одлучат да продолжат да студираат  на повисоко ниво или пак квалитетот на студирањето да се зголеми. Од голема важност во текот на студирањето имаат ЕКТС. Тие се начинот на кој студентите се водени низ процесот на студирање, кредитите како такви им олеснуваат на студентите што побрзо да стигнат до преодна отцена. Но тука многу малку се обрнува внимание на сознајниот дел на студентите, нивната мисловна моќ, начинот на размислување. Мобилноста е многу малку применета, таа влијае врa квалитетот на образованието но во многу мал процент е воведена. Метод на работа организиран од страна на профеосрите не донесува некои придобивки за подигнување на квалитетот на наставата бидејќи студентите се ангажирани само да го репродуцираат материјалот а не да истражуваат и да се потрудат сами да дојдат до фактите. Активно учество студентите завземаат само тогаш кога имаат потреба од кредите. Кредитите се мотивирачко „средство“ за што побрзо добивање на преодна оценка. Европските студенти имаат многу повеќе можности и пристапи до современо информациско-комуникациска технологија додека студентите на универзитетот „Св. Климемт Охридски“ – Битола ја имаат само основната која им помага да го совладаат материјалот за изучување но не и истражување на достигнувањето во областа која се изучува. Евалуацијата на знењето не придонесува да се зголеми квалитетот на образованието односно студирањето бидејќи студентите се испрашуваат со за затворен тип на прашања односно препознавање на одговорот во веќе дадени.

Зголемување на квалитетот на образованието се добива доколку студентот се остави да се изрази слободно и да се слушната неговите размислувањаза областа во која се подготвил.

## Интервју со дел од професорите на универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола

Имплементацијата на Болоњската декларација е битен дел од образовниот систем во нашето високо образование. Самиот потпис налагаше воведување и примена во високообразовниот систем се цел подобрување и „освежување" на веќе застарениот начин на работа. Таа неопходност налагаше имплентација без претходно тестирање или пак испитување на самите ефекти од воведувањето на промените во високото образование. Без дискусии на академскиот електорат за воведувањето или одбивање на професорите од институтите тој нов систем на работа „започна да функционира". Новиот систем беше формиран да работи во современи и урбанизирани средини како за сите универзитетити во Република Македонија па така и универзитет „Св Климент Охридски" – Битола беше тој што требаше да го организира и води процесот на реновирање и урбанизирање на просториите каде се следеше и воведуваше новиот образовен систем на работа. Со тешкотии во поглед на финансиските средства да се реализира овој исчекор во македонското високо образование почна да се применува чекор по чекор.

Кредитити беа прво што беше применето и воведено како новитет, студентите беа тие на кои им одеше во прилог оваа новина. Кредитите беа воведени како олеснувачка алатка на студентите да им го олеснат патот кон совладување на предвидените задачи како и постепено минување низ академски

простор. Тие им го олеснуваа процесот на проодност и брзо преминување од една во друга академска година без притоа да пишуваат квадрат на година и да чекаат до наредната година за го профдолжат студирањето. Другата „улога“ на кредитите им беше на повисоко ниво односно лесно „префлување“ на кредитите од еден факултет на друг во друга европска земја со што би се формирал европски отворен академски простор. За да се би се префлиле без проблем кредитите предвидена е единствена рамка на циклуси на студирање со што би се изедначило предвиденото време потребно за да се заврши одреден циклус. Сепак, милењето на професорите е дека не така лесно доаѓа до прцес на продожување на студирањето само со префлување на кредитите. Тие мислат дека студентите добро го прифатија начинот на работа со кредити но не така лесно се насочуваат кон мобилност.

Покрај кредитите и изедначените циклуси на студирање следува мобилноста на студентите. Студентите се поттикнати да го продолжат процесот на студирање низ универзитетите во Европа со што би се запознале ново практики, нови ускуства, едноставно би знаеле повеќе за Европа без граници. Покрај воведените кредити, циклусите на студирање, мобилноста на студентите следува Додатокот на дипломата односно после овие поминати нивоа се води процес кон завршувањето односно дипломирањето на студентот. За би можел студентот да го искористи знањето кое го стекнал на основната диплома следува додакот кој ќе ги содржи како основните така и изборните предмети на студентот. Додатокот би бил валиден докумет кој ќе ја следи основната диплома во која ќе биде наведен циклусот на студирање но и добиениот назив на завршениот факултет. Со воведување на додатокот на дипломата би се олеснил наредниот процес односно пронаѓање на работен ангажман.

Професорите на факултетските единици на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола имаат различни размислувања и ставови по однос на реализирањето и имплементирањето на Болоњската декларација на овој универзитет. Професорите беа избрани по случаен избор како во насока на областа од која е факултетот така и во насока на предметот кој го предава професорот кој е

интервјуиран. Со професорите беше применета методолошката постапка за прибирање на податоци – интервју така што со секој професор беше спроведено индувудуално интервју за индивидуалните ставови за имплементирањето и начинот на работа воведена од Декларацијата од Болоња. Прашањата беа составени според веќе утврдените хипотези и тие се однесуваат на основните постулати на Болоњската декларација т.е. за ЕКТС, мобилноста, циклусите на студирање.

- Првото прашање од спроведеното интервју за професорите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола е :

**Дали мислите дека со новиот систем на циклуси на студирање се подобрува квалитетот на образованието на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола?**

Професорите и соработниците имаа диференцирани ставови во поглед на ова прашање без разлика на кој факултет предаваааат и насоката на факултетот (општествени или други науки). Дел од професорите на Педагошкиот факултет се изјаснаа дека функционирањето е одлично со оглед на циклусите на студирање со тоа што студентите имааат повеќе можности за тоа како ќе студираат, визија за нивното студирање, избор за кој циклус на студии ќе го изберат. Поставеноста исто така е одлична на двата модули (3+2+2 или 4+1+2) што е во прилог на студентот за неговите аспирации до кој степен сака да ги достигне. Но дел од професорите ја пронаоѓаат забелешката во реализацијата односно адаптацијата што се однесува на понатамошното искористување на стекнатото знаење. Формулирањето на самите циклуси е добро и води кон подобар квалитет но тешкотија има во примента и делот на имплемемнтација односно реализацијата во практика.

Еден студент со завршени тригодишни студии се здобива со 180 кредити што не му се доволни во одредени облсти во општеството каде минимумот за вработување во државната админстрација изнесува 240 кредити. Односно одреден студент по право со завршени тригодишни студии нема право да има сопствена адвокатска канцеларија што се потврдува недостатокот на еманципација со постојаните тригодишните студии на одредени области. Токму на Педагошкиот факултет не постои циклусот 3+2+2 бидејќи не би можеле идните студенти да се препознаат во општетсвото и најдат работа според она што се определиле да го студираат. Тие би биле несоодветни во работните позиции кои би ги завземале. Идните студенти "брзаат" да го завршат висото образование со што мислат дека со тригодишните студии добиват во време а не се свени и не размислуваат дека не се дооформени за професијата што ја избрале.

Во циклусите на студирање исто така се вметнува и оди во прилог тоа што еден испит студентите може да го слушаат во еден првиот семестар а да го полагаат во некој од завршните семестри со што му се овозможува "движење" на студентот напред кон наредните години што не беше случај за претходната практика кога мораше студентот доколку запише квадрат на одреден предмет да запише и квадрат на академската година што мораше да чека една година за да може да почне одново да го полага предметот. Но не сите насоки на студирање го овозможуваат тоа односно некои од насоките на студирање како на пример медицинските или техничките не го овозможуваат во целост бидејќи завршувањето на одреден предмет води кон започнување на друг. На пример за да го слушате преметот хирургија во трет семестар претходно треба да сте го положиле предметот анатомија во прв семестар што многу од профеосрите апсолутно го подржуваат и мислат дека оди во прилог на подобрување на квалитетот на образованнието а не „слепо“ избрзување за завршување на првиот циклус.

Дел од професорите и соработниците се изјаснаа дека колку овој став за подобрување на квалитетот на образованието е добар и води кон подобрување толку овој  став и се побива. Односно циклусите се добро формулирани и

позитивно влијаат врз натамошниот процес на образување на студентот но факултетите водени од процесот на се повеќе примена на студенти во насоките кои ги нудат и со дисперзираните студии го губат ефектот за кој се воспоставени. Во последните тенденции за поголема примена на студенти за се повеќе образовен кадар и овозможување на секој поединец можност за студирање се губи квалитетот на знаењето во квантитетот на студенти. Дел од професорите одлучно одговорија на ова прашање дека не се согласуваат со тезата дека циклусите на студирање го подобруваат квалитетот на образованието бидејќи колку и да се добро формулирани циклусите и добро да функционираат во практика се конфронтираат со зголемиот број на студенти односно зголемениот број на квотите за упис на факултетите како и конкуренцијата од отворањето на приватните факултети. Интервјуираните професори од Техничкиот факултет во Битола укажуваа на фактот дека системот на циклуси на студирање е добар но не е доволно добро применет. Тие сметаат дека доколку добро се примени тој би го подобрил квалитетот на образованието на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Квалитетот на образованието во однос на системот на циклуси на студирање би се подобрил доколку во тие тригодишни студии бидат вклопени сите оние предмети кои се предвидени за комплетно оформена особа за професијата која ја избира со што биле предвидени во подолг период, со што би се добило во квалитет но студентот нема доволно слободно време за тој тригодишен период на студирање така што студентот не го студира факулетот туку тој го завршува што е можно побрзо и се втурнува во процесот на работа и добивање на профит од вложеното.

- Второто прашање од спроведеното интервју за професорите на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола е :

**Дали мислите дека со студирањето по ЕКТС студентите ќе бидат мотивирани за проодност и усовршување во II и III циклус?**

Повеќето од професорите кои беа опфатени во ова истражување на ова прашање дадоа одречен одговор ДА, студентите се мотивирани и продолжуваат со студирањето кон повисоките циклуси. Но не е ЕКТС причината поради која тие продолжуваат со студирањето и не е ЕКТС она кое ги мотивира за усовршување а со тоа и зголемување на квалитетот на студирање на овој Универзитет. Самата државна поставеност, тешкотиите за изнаоѓање на работен ангажман, невработеноста, препознавањето на студираната област во општеството се дел од набројуваните причини кои се поттик за студентите да продолжат да се усовршуваат. Со продолжување, усовршување и проодност особено кон вториот цуклус шансите на студентот за изнаоѓање на работен ангажман се зголемуваат но сигурно ЕКТС не ги мотивира, но за усовршување системот е тој кој приморува смета Проф. д-р Дејан Илиев од Педагошкиот факултет во Битола. Додека пак третиот циклус е повеќе прашање на визија до каде има зацртано самата индивидуа да се усовршува. Во овој циклус за разлика од стариот систем во Болоњската декларација не се направени некои промени тука повеќе е прашање на визија.

Сепак останатите интерјуирани професори имаат мислење дека би се подобрил квалитетот на знаење. Бидејќи иако главен причинител за продолжувањето на движењето на циклусите е општествениот систем сепак ЕКТС е она олеснителна околност што има го овозможува тоа. Односно ЕКТС им оди во прилог на студентите бидејќи нема квадрат на година значи многу полесно би стигнале до тој втор циклус и би го завршиле без проблем, со што шансите за вработување им се зголемуваат. Студентите исто така се мотивирани од самиот систем на студирање бидејќи првиот цуклис го завршуваат без големи проблеми и тој добро им е разработен а од нив не се бара голема ангажираност со што без

тешкотии секој би го завршил. Пример кој го посочи еден од анкетираните професори кој исто така бил ангажиран во комисијата за избор на последипломски студии е дека од 10 завршени студенти на додипломски студии 6 аплацираат за продолжување кон втор – магистерски циклус. Ретки се оние студенти кои го запоставиле факултетот од одредени причини и не го завршиле факултетот на време бидејќи самиот ЕКТС е мотивирачки и позитивно делува на студентите за учење во континуитет и одржување на умствената активност преку разни проекти, задачи, активност, истражување на дополнителна литература и друго. Исто така невработеноста е таа која ги мотивира студентите да се запишат на наредниот циклус односно да инвестираат се повеќе во нивното знаење а со тоа и би им се зголемиле шансите за пронаоѓање на работна позиција.

Со првиот циклус студентите би го достигнале само основното ниво на студирање кое не е многу тешко да се постигне и повеќето од студентите би го постигнале затоа вториот циклус би бил мотивирачки а ЕКТС би го „потпомогнал" тоа. Истоа така студентите мотивирани се од самото студирање по ЕКТС бидејќи со првиот циклус не се доволно оспособени и немаат доволно знаење за отпочнување на сопствени бизнис компании па затоа се решеваат да се доусовршат и откако ќе го завршат вториот циклус со одредени субвенции од државата почнуваат сопствен бизнис.

- Третото прашање од спроведеното интервју за професорите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола е:

**Дали мислите дека со зголемувањето на квалитетот на образованието ќе се влијае врз мобилноста на студентите од универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола кон други универзитети во Европа?**

Поголем дел од унтервјуираните професори од универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола на ова прашање одговорија позитивно односно дека ДА со зголемувањето на квалитетот на образованието ќе се влијае врз мобилноста на студентите. Професорите несомнено мислат дека со зголемувањето на квалитетот на образованието студентите би биле мотивирани за размена на практики, искуства и се она што е веќе е начин на работа на универзитетите низ Европа. Сепак распространето е и мислењето дека студентите од овој Универзитет не заостануваат со нивното знаење, различит е само начинот на кој тие го добиваат за разлика од европските студенти. Европските универзитети располагаат со повеќе финансиски средства со тоа тие им пружат повеќе можности и начини за стекнување на знаење и пракса што значи олеснителна можност за европските студенти. Студентите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола не заостануваат со можностите за пристап на информации за предметите кои ги изучуваат. Средствата од информациските технологии како и пишаните материјали се на ниво слично на европските универзитети.

Но сепак не зависи само од студентите и нивното ниво на знаење за мобилност на други универзитети. Мобилноста зависи од голем број на чинители а студентите се оние кои го следат тој процес на соработка. За да има мобилност најпримарно би требало да постои меморандум за соработка од Универзитетот со други универзитети од Европа. Што значи ректоратот на Универзитетот да воспостави врски и односи со останати универзитети со што би можеле македонските студенти да бидат вклучени низ програмите за мобилност кои се

организирани од Европската комисија. Со мобилниоста низ европските универзитети, студентите би биле побогати со искуства, знаење, стекнување на нови пријателства како и отворање на бариерите за стекнување на знаење за останатиот дел од Европа.

Интерјуираните професори посочија и на фактот дека со менувањето на политиката на запишување на студентите, факултетите повеќе добија во квантитет отколку во квалитет. Во претходните години можност да се запишат на факултет имаа само одличните или учениците со многу добар успех од средното образование додека денес имаат можност да се запише секој оној кој сака да учи. Така нивото на квалитет на знаењето на студентот се спуштии на пониско ниво, но се даде можност на повеќе лица да студираат од младата популација со што се зголемија лицата со универзитетски дипломи. Подоцна во пазарот на трудот би се издигнал клалитетот на добиените дипломи како и вложениот труд а сепак повеќе од младата популација би била еманципирана. Сепак мобилноста е еден од постулатите на Болоњската декларција е важен сегмент во кој големи средства вложува Европската унија се со цел подобро спознавање на Европа од страна на младиот човек како и воспоставување на единствен образовен простор. Секако сите од професорите едногласно го подржаа фактот дека со зголемување на квалиетот на образованието ќе се влијае на студентите за мобилност ии птодолжување на студиите на други универзитети во Европа.

- Четвртото прашање од спроведеното интервју за професорите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола е:

**Дали примената на новите методичко-дидактички принципи ќе влијае врз квалитетот на наставата на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола?**

Новите методичко-дидактички принципи без разлика дали беа предложени или не од Болоњската декларација беа неопходен новитет во наставата. Информатичката технологија е се понапредна и преставува незаменлив дел од секојдневниот живот. Незамисливо е сеуште да се употребуваат застарени средства за работа како креда и табла во текот на студирањето на младиот човек. Новите методички – дидактички принципи позитивно влијаат врз начинот на студирање на студентите а со тоа воопшто доаѓа и до зголемување на квалиетот на наставата. Овие принципи се темелат на активна настава во текот на студирањето така што студентите активно учествуваат во текот на целата академска година преку разни проекти, семинарски, предавања. Со самото вклучување на студентите во текот на наставата професорот има до знаење и увид до каде се студентите со студирање на материјалот и на кој делови треба да се обрне повеќе внимание  и посветеност. Новиот начин на работа не бара големи вложувања и води кон економичност односно наставниот процес се изведува со употреба на инфомациско технички помагала.  Новите медодички - дидактички принципи беа неоходен сегмент за подобрување на квалитетот на наставата бидејќи праксата е таа којаназаднува па затоа се воведува истражувањето како еден елемент од новите воведени принципи.

Претходниот систем на работа беше повеќе заснован на работа и предавање на материјалот од страна на професорите и соработниците со што студентите немаа активна улога во целиот процес. Професорот немаше доволно информации до каде се студентите со совладување на материјалот а исто така не беа вклучени семинарксите работи, нивно презентирање, проекти, семинарски, истражување. Но сето тоа се надокнадуваше со практична работа на терен во зависност од избраната

насока на студирање, методичко-дидактички принципи беа засновани на високошколската дидактика.

Новите методичко-дидактички принципи позитивно влијаат врз студентите а со тоа и се зголемува квалитетот на студирањето. Тие се активни чинители на целиот наставен процес и не се пасивни слушатели на предавање на теоретскиот дел од страна на професорот. После секоја секвенца или дел од материјалот студентите имаат колоквиуми кои преставуваат дел од целиот испит и тоа најчесто по 4 доколку целиот предмет се слушаа во една академска година. Што значи дека им се олеснува целата работа и на студентите и на професорите односно студентите совладале дел од материјалот а професорите имаат преглед за нивото на совладаност на материјалот од страна на студентите. Преку разните истражувачки проекти студентите истражуваат за дадената област и сами доаѓаат до знаење за предметот на истражувањето. Преку презентирањето на истражувачкиот материјал студентите се групираат во групи така што кај нив се развивива тимска работа и работа во групи. Но сепак една од критиките која професорите ја посочуваат е дека недостасува практичната настава. Студентот одлично го совладува теоретскиот дел помогнат од методичко-дидактички принципи но сепак тешко е да се замисли еден дипломиран правник да нема практична работа во некој судски процес.

- Петтото прашање од спроведеното интервју за професорите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола е:

**Дали со примената на елементите на методичко-дидактичките принципи студентите ќе заземат активно учество во наставата на единиците на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола?**

Новите елементи на методичко – дидактичките принципи се позитивна новина во наставата на високо образовните установи. Центар на овие принципи е активната настава како и се поголемата вклученост на студентите во неа. Дали студентите ќе се вклучат или не зависи од самите нив. Во другите европски држави наставата е динамички процес кој постојано се движи кон изнаоѓање на нови начини како да се совлада материјалот. Тој процес е со исполнет со желба, мотивираност за студирање на зададениот материјал како и искористување на средствата кои се дадени на располагање за студентите.

Со спроведеното истражување се покажува дека студентите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола процесот на завземање активно учество во наставата го гледаат само како можност за добивање на дополнителни поени. Но иако студентите активниот процес во наставата го искористуваат за добивање на поени сепак кај нив се развиваат вештини кои со претходниот систем не би можело. Професорот е тој кој го организира и следи процесот на организација на наставата но студентот е тој го одржува тој процес. Кај студентите се развиваат повеќе способности како што е сигурност во себе, презентација пред другите, дискусија со врсници, развој на мислата и други позитвни промени. Професорите сметаат дека со изработка на проекти, задачи, семинарски работи кај студентите се развиваат организациски способности и вештини со кои сами ќе го осмислат начинот на водење на часот и начинот на презентација на тоа што е сработено.

Некои од интервјуираните професори сметат дека дел од студентите уште од средно образование се запишуваат со пониски отцени на факултетите па така од

самите нив ќе зависи до каде ќе стигнат со студирањето. Завзаемањето на активно учество во текот на студирањето зависи од самите студенти односно тие се мотивирани од добивањето на поените. Што повеќе се активираат добиваат повеќе поени а со тоа дел од испитот е совладан. Позитна критика е тоа што студентот не “спие ” во текот на цела година за да на крај се активира кога доаѓа сесијата за полагање туку активно се вклучува во наставниот процес. Така на пример кога студент се запишува на факултет со просек 2,0 од средно образование но тој е активен во текот на наставата со што добил 1 поен, направил семинарска или истражувачка работа и тука добива 1 поен и со собраните положени колоквиуми студентот добива проодна отцена 6 тој за овој предмет би имал 8 што е доста солидно. Тоа значи дека активаната настава позитивно делува на студентите како за совладување на материјалот но исто така и за развивање на одредени вештини

- Шестото прашање од спроведеното интервју за професорите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола е:

**Дали на единиците на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола се употребува современа информациско-комуникациска технологија во наставата?**

На ова прашање професорите беа поделени во нивните размислувања, некои од нив сметаат дека употребата на современа информациско комуникациска технологија е сведена на многу високо ниво додека други сметаа дека е на некое задоволително ниво. Професорите кои сметаат дека современата технолигија е доста употребена го завземаат и мислењето дека е достигнат врвот од неа. Во една од современите методи и техники кои беа споменати е distance learning односно на насоката по англиски јазик се организира предавање каде имаа предавач професор од Англија додека студентите го слушат предавањето и имаат можност да

поставуваат прашања го следат целиот процес на видео бим и сето тоа организрано преку интернет.

Дел од професорите имаат спротивно мислење и мислат дека на одредени факултети се користи само основната а не и современата информациско – комуникациска технологија. Тие сметаат дека доколку би се употребувала современа информациско – комуникациска технологија тогаш сигурно би се подигнал квалитетот на студирањето на Универзитетот. Некои пак од професорите сметаат и дека премногу е употребувана современата технологија. Така на пример професорот наставната едница ја подговтвил на слајдови и на тој начин ја презентира додека студентите пасивно го следат она што префесорот им го подготвил.

Употребата на современата информациско – комуникациска технологија има големо влијание врз подигнување на квалиетот на наставата. На универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола глобално гледано доволно добро е застапена информациско – комуникациска технологија во наставата и таа има позитивна клима врз подигнувањето на квалитетот на образованието и студрирање на овој универзитет.

- Седмото прашање од спроведеното интервју за професорите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола е:

**Дали ваквиот начин на евалуација на знаењето влијае вра квалитетот на образованието на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола?**

Оден од најкритикуваните сегмент од Болоњската декларација на спроведеното интервју со професорите од универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола се однесуваше на ова прашање. Професорите сметаат дека несоодветно е примената на писмениот дел на отценување за одредени струки на

студирање. Кај писменото отценување имаме техничка неадаптираност и недостаток. Студентите на писменото оценување во делот на заокружување на одговорот само го препознаваат материјалот тие не се доволно добро подготвени да го репродуцираат она што им е научено тука само го препознаваат во самите одгвоори што негативно делува на нивниот последен чекор а тоа е начинот на вреднување на она што им е зададено да го научат. Со писменото изразување студентите само се мотивирани да го научат градивото за добивање на оценка, а не за негово проучување и студирање како и понатамошна примена и практика. Овој начин на отценување делумно е добар затоа што можеби студентот ќе го положи тестот но тешкотии ќе има подоцна кога тешко ќе им е да се изразуваат. Незаменливо е усменото евалвирање на знаењето додека писменото отценување со заокружување на веќе дадени одгвори е само препознавање на материјалот сметаат професорите од Универзитетот.

Еден од интервјуираните професори на Техничкиот факултет забележа. „Не е добар инженер оној што знае се, туку оној што знае правилно да го примени во даден момент она што го научил". Тоа значи дека некои од насоките бараат и усно репродуцирање на материјата но и практично отценување што со овој систем на работа е сведен на минимум како на пример еден инжињер кој никогаш не ја покажал неговата практична работа или пак медицинска сестра кој никогаш не ставила инјекција или пак демонстрирала како се прави тоа. Писмениот начин на евалуација кој не влијае позитивно на подобрување на квалитетот на образованието сметаат поголемиот дел од професорите.

**Заклучок од спроведеното интервју со професорите на универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола**

Откако беше спроведената методолошка постапка за прибирање на податоци – интервју професорите „изненадија" со ниваната перцепција за воведените новини во нивната работа. Тие укажуваат на фактот дека елементите на Болоњкста декларација се многу добро структуирани, но во наша практика тие тешко се изведуваат. Почнувајќи од системот на циклуси на студирање професорите посочуваат дека циклусот 3+2+3 е многу краток за добивање на знаење за комплетно оформена идивидуа која може да успешно да ја обавува професијата за која се одлучила да ја студира. Тие посочуват на фактот дека времето им оди во прилог на студентот но многу се губи во знаење за материјата која се изучува. Иако бројот на положени испити на некои факултети со тригодишните студии е ист со оние со четиригодишно траење сепак незаменлив е фактот дека за една материја добро се совлада е потребно време за сето тоа добро се простудира. Професорите од универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола , исто така сугерираат на тоа дека ЕКТС односно работата со кредити им е од голема помош на сите студенти без разлика дали се запишале со помал успех или пак со поголем успех од средно образование. Со воведување на работа со кредити се покажува дека скоро сите студенти кои се запишале го завршиле факултетот, значи само студентите кои воопшто не сакаат да работат можат да „заглават" во текот на студиите. Кредитите се олеснителна околност за оние студенти кои доаѓаат со послаб успех од средното образование. Сепак професорите посочуваат на тоа дека со ЕКТС нема развој на мислата, нема подобрување на квалитетот на студирањето туку се води процес на масовно студирање и стекнување на младинци со високо образование. Активната настава организирана на Универзитетските единици-факултетите само води кон добивање на се повеќе кредити а со тоа доближување на студентот кон преодна отцена но итервјуираните професори посочуваат на тоа дека тоа не е целта на студирањето. Целта на студирањето е развој на мислата на студентите, проучување на материјата но во исто време и критичко размислување, одржување на дебати, проучување, добивање на дополнителни информации за достигнувањето во областа

која ја изучуваат. Мислење на професорите на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола дека целиот проект на Европска унија за Болоњската декларција е дека таа е изум на неолибералниот капитализам, кој нема за цел продлабочување на знаењето и критичко мислење, туку специјализација на трудот во функција на пазарот. Студентот се подготвува да биде штрафче во машинеријата, а не да ја менува. Интервјуираните професори посочија дека Болоња е добро конструирана, но има мали недостатоци или во системот на оценување, или во професорите кои не би знаеле како да се орагнизираат во новиот систем на работа или неадекватните материјални услови за имплементација. Професорите додаваат дека Болоња за општеството не значи ништо, освен комерцијализација на образованието, знаењето станува продукт, дипломите станаа стока на продажба. Тие сметаат дека квалитетот на образованието во нашава земја е ужасно опаднат, оти критериумот повеќе не е знаењето, туку кој колку има да плати. Факултетите исфрлаат кадри како машини во фабрика, а тие неспособни кадри утре не можат да си го најдат местото на пазарот на трудот.

Наставната програма повеќе не се образува според потребите на општеството и на човештвото, туку исклучиво според потребите на пазарот на трудот.

ПРЕДНОСТИ КОЈ ГИ ПОСОЧУВААТ ПРОФЕСОРИТЕ СО КОИ СЕ ПОДОБРУВА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

- МОБИЛНОСТ

Студентите и професорите може да стекнат напредни искуства и знаење на европските Универзитети и подоцна да го применат стекнатото знаење назад на матичниот универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола.

- ПОСТЕПЕНО ОЦЕНУВАЊЕ

Студентите се отценувани низ целата година односно имаат континуирано студирање а не механичко поминување на материјалот, имаат изработка на семинарски трудови, проекти, презантации, студентите пишуваат домашни задачи, есеи, полагаат колоквиуми, добиваат бодови за присуство на предавањата и на вежбите.

- ЦИКЛУСИ НА СТУДИРАЊЕ

Студентите имаат избор на кој циклус ќе студираат односно 3+2+2 или 4+1+2 со што се дава на избор на која насока ќе се студира и со колку години е опфатена таа.

- ПРИЗНАВАЊЕ НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ

Единствениот кредит крансфер систем овозможува продолжување на образованието и признавење на дипломите насекаде во Европа. Со таа цел е воведен ДОДАТОКОТ НА ДИПЛОМАТА каде што се запишани одделните активности на студентот.

НЕДОСТАТОЦИ КОЈ ГИ ПОСОЧУВААТ ПРОФЕСОРИТЕ СО КОЈ НЕ СЕ ПОДОБРУВА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

- ОЦЕНУВАЊЕ СО БОДОВИ

Оценувањето е упростено преку систем на бодови што ги ограничува професорите во слободното отценување на студентите.

- КВИЗ – ТЕСТИРАЊЕ

Заокружувањето на одговор од четири понудени, што немора да биде одраз на вистинското знаење на студентите.

- ТЕСТИРАЊЕ ПО ПИСМЕН ПАТ

Усниот испит е клучен кај некои видови професии, а се намалува комуникацијата професор – студент.

- НАМАЛЕН БРОЈ НА СТУДИСКИТЕ ГОДИНИ

Со три години се стекнува диплома со што студирањето се намалува за една година, а со тоа и знаењата.

**ЗАКЛУЧОК**

Болоњската декларација како проект добро е конструирна и во некои делови од Европа би функционирала, но на универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, таа не придонела голема експанзија за подигнување на квалитетот на образованието. Таа позитивно влијае вра квалитетот во сегментот каде студентите не се оптоварени со непотребна литература и точно знаат и се информирани за она што е определено за предметот кој го изучуваат. Процесот е конструиран така што студентите се мотивирани да ги изнајдат фактите за одреден предмет а не само презентирање и нивно изучување. Овој систем има основа да се најде патот до факти а не фактите. Значи нема повеќе бубање туку целта е во решавање на проблеми. Професорот е тој кој им задава задача а студентите го наоѓаат патот да ја решат. Професорот не го отценува резултатот туку начинот на размислување.

Овој метод добро функуционира со студентите кои се мотивирани и квалитетни, но пропаѓа кај послабите. Добра би била селекцијата со приемен испит но квантитетот го надмина квалитетот. Сепак со европскиот кредит трансфер систем процентот на разни активности со кој студентот може да се ослободи од завршниот испит е навистина голем. Но, не е добро да добиеме филозоф на кого никој не се слушнал логиката на размислување или правник без отценка на неговите ораторски способности, без оглед на неговите брилијантни одговори на тестовите. Студентите реагираат и на фактот дека нивните тестови компјутерски се отценувани а со некој од професорите и се виделе само два до три пати, асистентот бил тој кој го водел целиот процес.

Мобилноста исто така е еден битен сегмент од Болоњската декларација на кој многу се обрнува внимание во другите делови на Европа, но не и на универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола. За многу од програмите студентите не се доволно информирани а исто така и не биле поттикнати за превземање на ваков чекор. Но студентите и не се поттикнати од принципите на Болоњската декларација за мобилност. Тие повеќе би биле поттикнати од тоа што подобро се

организирани системите во останатите европски земји, постапката за добивање на визи со имањето на идекс и го гледаат како олеснителна можност за пронаоѓање на работа и останување во некоаја од европските земји. Додека пак на другите европски универзитети голем акцент се става на размената на студенти преку разни проекти, семинари, трибини се со цел размена на практики, искуства, повеќето од факултетите се насочени на поголем број на студенти кој би студирале тоа значи дека се повеќе се води процес на масовност на повеќе образовани лица без разлика дали на оппттеството му е потребен тој профил на образовани лица. Некои од насоките исто така би требало да се видоизменат или пак да се прилагодат во соодност на потребите на пазарот на трудот.

Додека, пак, со новите методичко-дидактички принципи студентите добиваат ангажмани за активност на часовите но и воопшто во текот на целата година па на тој начин се активни чинители на целиот процес но кај нив изостанува голем сегмент а тоа е практичната работа на терен. Практичната работа е еден многу битен дел кој кај претходниот систем беше доста застапена. Не би било еднакво доколку со импровизација се претпостави околината, начинот, средставата за работа со реалната слика која се среќава на терен. Студентите покрај тоа што ќе го видат целиот процес на работа за она што го изучуваат туку и преку практичната настава ќе се соочат и со проблемите кои се среќаваат во текот на работата. Со Болоњската Декларција повеќе се обрнува внимание на теоретскиот дел додека пак практичниот се добива подоцна во процесот на работа.

Европскиот кредит трансфер систем е најприменет сегмент од Болоњската декларација. Кредитите како метод на работа се многу олеснителна околност за сите студенти а особено за оние студенти кои се запишани на факултетите со пониски отцени. Со собирање на кредити се повеќе студентот се доближува до преодна отцена но се поставува прашањето за неговото знаење. Студентот со изработка на семинарскиа работа, со присуство на часовите и добивање на минимални поени на тестот тој добива преодна отцена со што завршил со зададениот предмет. Но се поставува прашањето дали тој студенет има доволно знаење за тој предмет. Во претходниот систем имаше предмети кај кој бараа

дополнителни ангажмани за добивање на повисока отцена но кај други предмети немаше простор за поминување на испитот со семинарска работа или пак активности на часот, целокупниот испит се состоеше во материјалот зададен за предметот. Но овој систем повеќе одговара на постигнување на масовно образоваиение кое и кај нас е потребно доколку сакаме да го подигнеме друштвеното ниво на професионални спссобности. Квантитетот никогаш не е сам сам по себе гаранција за квалитет. Илузорно е да се дискутира дека постои универзитет кој овозможува високо образование за масата на народот додека истовремено е и институција за академската елита. Поради тоа што неможе да ги извршува двете функции истовремено ризикува да не ја изврши ни едната. Ако универзитетот се редизајнира како пост – средношколски или брзи професионални факултет нивната елитна компонента ќе се изгуби а доколку се води процес за постигнување на благосостојба низ ефикансноста на средната класа кој е обучена за широк спектар на занимања тогаш значаен научен, технократски и културен напредок може да се очекува само од интелектуалните елити. Достапноста на високото образование е логична цел но тој не смее демагошки да се поврзува со квалитетот на образовниот систем.

Додатокот на дипломата е исто така битен сегмент на кој студентите многу малку му обрануваат внимание. Студентите од универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола немаат доволно информации за овој документ, незнаат каде да го применат а исто така и компаниите кои имаат потреба од човечки ресурски многу малку знаат дека постои документ каде се опишани ангажманите на веќе дипломираниот човек. Овој документ беше креиран како дополнителна можност за веќе завршените студент но студентите не го гледаат како таков. Само 1% од дипломираните студенти побарале издавање на Додатокот на диплома останатите мислат дека овој додаток нема да им помогне во барањето на работа на пазатот на трудот. Повеќето европски универзитети уште ги решаваат билатералните спогодби со поедини држави за што подоцна би можеле да дипломираните студенти од европските универзитети слободно бараат работа надвор од границите на сопствената земја и нивните дипломи да би биле конкуренти со европските.

Циклусите на студирање се добро креирани но се поставува прашањето дали се доволно ефективни. Некој од професорите потврдија дека со намалувањето на годините на студирање се намалува и квалитетот на знаењето на студентите. Сепак со намалувањето на годините не се намалува квалитетот на знаење бидејќи истите предмети кои студентите ги имаат во предходниот систем ги имаат и сега само што тие не се содржани во четири туку во три академски години. Токму затоа се и коментарите на студентите дека немаат доволно слободно време, брзаат да ги комплетираат кредитити, бараат содржини за семинаркси работи. Додека пак според Болоњската декларација предвидено е да се работи со 20 студенти во група, практикум со 10 студенти, пракса 3 студенти во стварност оваа бројка е многу поголема поради немањето просторни можности или недостатокот на финансиски средства.

Целиот процес на имплементација на Болоњската декларација на универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола беше разбрана како наметната реформа на реструктуирање која се оправдува со зборовите како на пример „по наредба на ЕУ“, но која најмноу и се спротиставуваат професорите кои мораат да издржат нејзиното спроведување. Најопасна последица е тоа што тие и понатаму мислат и ја доживуваат како „туѓо тело“ или како „изум на некои бриселски бирократи, активисти и раководители на високото образование“.

Иницијаторите на реформата не сакале да го поправат високото обаразование туку напротив на пазарот на трудот да испратат недоволно обучени младинци кои со текот на работата ќе станат вистински стручњаци на кои ќе им е потребен додатен период на обука и кои во прво време ќе добиваат само работа по договор која е за краток времески период кои ќе ги работат за малки плати. Оние студенти кои ќе произлезат нема да бидат ни најмала закана за старата генерација посебно оние кои се родено после Втората светска војна. Оние работници кои сега се пред пензија, а уште се наоѓаат на своите работни места и ги продолжуваат старосните граници за одење во пензија преставуваат товар на економијата, па

затоа се вклучуваат младите луѓе. Затоа голем број на одговори за Болоњската декларција се бараат токму тука.

## Прилог 1

ИНТЕРВЈУ СО ПРОФЕСОРИ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

1. Дали мислите дека со новиот систем на циклуси на студирање се подобрува квалитетот на образованието на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола?

2. Дали мислите дека со студирањето по ЕКТС студентите ќе бидат мотивирани за проодност и усовршување во II или III циклус?

3. Дали мислите дека со зголемувањето на квалитетот на образованието ќе се влијае врз мобилноста на студентите од универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола, кон други универзитети во Европа?

4. Дали примената на новите методичко-дидактички принципи ќе влијае врз квалитетот на наставата на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола?

5. Дали со примената на елементите на методичко - дидактичките принципи студентите ќе заземат активно учество во наставата на единиците на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола?

6. Дали на единиците на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола се употребува современа информациско-комуникациска технологија во наставата?

7. Дали ваквиот начин на евалуација на знаењето влијае врз квалитетот на образованието на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола?

## Прилог 2

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

1. Дали сте запознати со системот на циклуси на студирање на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола?

ДА НЕ НЕ ЗНАМ

2. Дали знаете дека циклусите на студирање се временски опфатени (3+2+3, 4+1+3) и колку таквиот циклус влијае врз вашите размислувања за понатамошно усовршување?

ДА МНОГУ ДОБРО НЕ НЕ ЗНАМ ПОЗИТИВНО

ПРИМОРАНИ СМЕ НЕ ВЛИЈААТ

3. Дали студирањето по ЕКТС позитивно влијае врз вашата проодност и продолжување на студирањето во I – додиплимски, II – постдипломски , III– докторски циклус?

НЕ ВЛИЈАЕ ДА МОЖЕБИ НЕ РАЗМИСЛУВАМ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НЕ ЗНАМ ПОЗИТИВНО

4. Дали со ваквиот начин на работа сте поттикнати за мобилност и продолжување на студирањето на друг универзитет во Европа?

ДЕЛУМНО ДА МОЖЕ ДА СЕ КАЖЕ МОЖЕБИ

НЕ НЕ ЗНАМ

5. Дали на универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола имало понуди за некоја од програмите за мобилност и дали сте се пријавиле на некоја?

ДА НЕ НЕ ЗНАМ

6. Дали со ваквиот метод на работа на професорите и соработниците добивате повеќе информации и подобро го совладувате градивото кое го изучувате?

ДА ДЕЛУМНО ПОНЕКОГАШ НЕ НЕ ЗНАМ

ПОДОБРО ЗАВИСИ

7. Дали во процесот на студирање имате активна настава и дали заземате активно учество во неа?

ДА НЕ НЕ ЗНАМ

8. Дали мислите дека со активното учество во текот на наставата стекнувате повеќе знаење и развивате способности како што се: презентација пред другите, критичко мислење?

ДА ЗАВИСИ ДА, СЕ ДОБИВААТ КРЕДИТИ И ПОВИСОКИ ОТЦЕНИ НЕ НЕ ЗНАМ ЗАВИСИ ОД ПРОФЕСОРИТЕ

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Ангелоска-Галевска, Наташа. 1998. *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*. Битола, Киро Дандаро

Ballantine, H. J. 1983. *The Sociology of Education.* New Jersey: Prentice-Hall, Inc., Englewood Sliffs

Смилевски, Цветко .2006. *Методологија на истражување*. Битола, Универзитет „Св.Климент Охридски"

Дуковски, Владимир, Арменски, Славе .2007. *Подобрување на системот за квалитет во високото образование на РМ врз оснаова на новите европски стандарди.* Скопје, Импегна

Георгиевски, Т. Петре. 1999. *Социологија на образованието*. Скопје, Веда

Георгиевски, Т. Петре.1994.*Социологија на образованието.* Скопје, Филозофски факултет

Herban-Grgic, Ivana .2007. Zagreb *17,stoljece-prekretnica u razvoju moderne znanosti.* Filozofki Fakultet.

Керамичиева, Ружица. 1996. *Психологија во образованието и воспитанието.* Скопје, Просветно Дело

Коковиќ, Драган.1994. *Социологија образовања*. Нови Сад, Матица Српска

Линден, Тоби, Арнхолд, Нина, Василев, Кирил, 2008. Од фрагментација до соработка: *Високото образование, истражување и развој во југоисточна Европа*: Вашингтон ДЦ, САД, Меѓународна банка за обнова и развој/Светска Банка

Niemi, Hannele,. Sihvoner, Jakku- Ritva *In the front of the Bologna process, Thirty years of research-based teacher education in Finland.* Helsinki: University of Helsinki

Педагошки речник I , Istitut za pedagoski istrazivanja (1976), Beograd

Петровиќ, Ружица. 2003. *Филозофија на образованието како филозофија на животот.* Скопје, Културен животот бр. 4

Polic-Bobic, Mirjana. 2005. *Prvi koraci u Bolonjskom processu.* Zagreb, Sveuciliste u Zagrebu

Spradley, J.P. 1980. *Participant Observation.* New York, Holt, Rinechart & Winston

Жоглев, Златко. 2002. *Социологија на обр.азованието.* Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Педагошки факултет

**<u>Користена литература од јавните печатени гласила</u>**

Арну, Жан Мари. 2005. *Оценувачка мисија.* Битола *23-25, ноември.*

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА за образование и наука Темпус, проект : SCM-CO11B05-2005

EURIDICE/EUROSTAT .2002. *Key Data on Education in Evrope.* Luhemburg, European Commission

Фондација институт отворено општество Македонија. 2007. *Анализа на капацитетите за добро управување во образованието*. Скопје

Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 .2005. Скопје, Министерство за образование и наука на РМ

Library Strategy. 2003. *Policy of the Ministry of Education*. Helsinki, Ministry of education

Ioana Bot, Eurozine, 01.07.2010. Contributed by Dilema veche Peščanik.net, 19.07.2010.
Маринкович-Недучин, Радмила., Планчак Мирослав., Бабин Михајло., Хиршенбергер Хелена., Предраг Лажетех., Краток. 2006. *Водич КРОЗ БОЛОЊСКИ ПРОЦЕС И НОВИ СИСТЕМ СТУДИРАЊА*. Нови Сад: Универзитет у Новом Саду Финансирано од стране Европске Комисије у оквиру CARDS SCM Tempus Projekta C009B04

Понесување на образовните структури во Европа (TUNING PROJECT) Придонес на Универзитетите кон Болоњскиот процес, Socrates-Tempus, Education and Culture

Standardi i smejrnice za osiguranje kvalitete u evrospkom prostoru visokog obrazovanja, Tempus

Закон за високо образование. 2008. Сл. Весник на РМ бр.35 Скопје

Закон за култура. 2005. Сл.весник бр.66/03-пречистен текст 82/05, Скопје

**Користена литература достапна на интернет страните**

Aparac, Tatjana „*Uloga sredisne sveucilista*" Sveucilista u Zagrebu
www.ffz.hr/infoz/biblio/nastava/dz/abckat.htm

Bergensko priopcenje 2005
http://zagreb.idi.hr/bolonjski_dokumenti/Bergen%20priocenje.doc

*Evropski prostor visokog obrazovanja.* 1999. Zaednicka deklaracija europskig ministara obrazovanja potpisana u Bolognu, 19. Juna
www.zagreb/idi.hr/bolonjski_dokumenti/Bolonjska%20deklaracija%20Hr.doc

Graz Delaration. 2003. Forward from Berlin: *The role of of the Universities, EUA*
www.eua.be/jsp/en/upload/COM_PUB_Graz_publication_final.1069326105539.pdf

Hrvatska u 21. stoljece, www.wbc-inco.net/object/dokument/1638.html

In the front Of the Bologna process Trty years of research-based teacher education in Finland,
www.see.educoop.net/education_in/pdf/workshop/tesee/dokumenti/monografoja/Finland.pdf

Obrazovanje u Evropskoj Uniji
www.euroinfocentar.ba/docs/Obrazov_u_EU.pdf

The Bologna proces for U.S. Eyes:Re-learning Higter Education in theage of Convergence, www.ihep.org/assets/files/EYESFINAL.pdf

*The Bologna Process in Higher Education in Europe* – key indications on the social dimension and mobility, 2009 Eurostat Statistical books: eurostat EUROPEAN COMMISSION www.eurostudent.eu

Londonski komunike, 18 maja 2007 evropskom prostoru visokog obrazovanja:odgovor izazove globalisteckog sveta, Sarajevo,2007
www.bolonja.si/bolonja/index.php/bolonjski-proces-v-evropi/razvoj-bolonje.html

MAGNA CHARTA UNIVERSITATUM
www.public.mzos.hr/fgs.axd?id=10750

Mariborka deklaracija
Home.izum.si/cobiss/konference/konf_2006/mzriborska_deklaracija-bh.pdf

Message from the Salamanca Convention of European hifter education institutions, Shaping the European higter education area
www.eua.uni-graz.at/Salamance_Message.pdf

McLellan. Evelyn: Unaprejdivanje postignuca studenta u online unenje I tradicionalnoj nastavi
www.edupoint.carnet.hr

Polsek Darko, Primenja bolonjaskom procesu u praksi Panevropskog univerziteta APEIRON, Visoko skolstvo u Hrtvatskoj I zahtevi evropske unije
www.ijf.fr/Eu2.Polsek.pdf

Prema europskom prostoru visokog obrazovanja, Sluzbeno priopcenje sa sastanka europskih ministara zaduzenih za visoko obrazovanje u Pragu, 19. svibja 2001
www.zagreb.idi.hr/bolonjski_dokumeti/Praska%20deklaracija%20HR.doc

Priopcenje za Konferencije ministara visokog obrazovanja Berlin, 19. ruajna 2003,
www.see-educoop.net/education_in/pdf/bologna-19sep2003-communique-oth-hrv-t02.pdf

Prvi koraci u Bolonjskom procesu
www.unizg.hr/fileadmin/rektorat/dokumenti/bologna/Bologna.pdf

Qvality Assurance Agency form Higter Education and information management,Subject Benchmark Statement,2000

www.quaa.ac.uk/reviews/reports/subjectlevel/q06_01_tewtonly.ht

Standardi I smernice za osiguruvanje kvaliteta u evropskom podrucju
www.coe.ba/pdf/ESG_loc.pdf

Standardi za visokoskloske kjiznica u RH
www.fer.hr/_download/repository/Standardi_za_visokoskolske_kjiznice_u_RH_iz_1990.pdf

Standardi I smejrnice za osiguruvanje kvalitete u evropskom prostoru visokog obrazovanja, evropska organizacija za osiguranje kvalitete u visokom obrazovanju
www.coe.ba/pdf.ESG_loc.pdf

Studentska deklaracija iz Geteburga 25.ozujak 2 Standardi I smejrnice za osiguranje kvalitete u evropskom prostoru visokog obrazovanja
www.zagreb.idi/bolonjski_dokumenti/Geteburg%20deklaracija.doc

Sorbonskadeklaracija, www.uniri.hr/hr/bolonja/SORBONSKA%20DEKLARACIJA.pdf

Vrana, Radovan. *Knjiznice u 21 stoljecu:jamstvo kvalitete I podrska ucenju i elektronski okruzju* www.edupoin.carnet.hr